| Сликање, Цртање, Вајарство (прво полугодие) Образование за животни вештини (второ полугодие) | IV | 2 | Мелина Давитковска |
| Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.) (прво полугодие) Мултикултурни работилници(второ полугодие) | V | 2 | Мелина Давитковска |
| **ПОУ с.Узем** | | | |
| Слободни изборни предмети кои се реализираат во форма на слободни активности (во двете полугодија). | II | 2 | Слаѓана Ристовска |
| Слободни изборни предмети кои се реализираат во форма на слободни активности (во двете полугодија). | III | 2 | Слаѓана Ристовска |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.)(прво полугодие)<br>Мултикултурни работилници (второ полугодие) | V | 2 | Слаѓана Ристовска |
| **ПОУ с.Добровница** | | | |
| Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.)(прво полугодие)<br>Мултикултурни работилници (второ полугодие) | V | 2 | Дивна Тодоровска |

## *8.10. Дополнителна настава*

За оние ученици за кои се оцени дека им е потребна неопходна дополнителна помош таа беше организирана и се изведуваше со еден час неделно за учениците од I до IX оддление. Истата е во склоп со Законот за основно образование и е задолжителна. Дополнителната настава се организираше за учениците кои имаат тешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Во дополнителната настава покрај образовните компоненти се работеше и на: изградување на работни навики, развивање на чувство за лична одговорност во работата, мотивирање за работа и постигнување на успех, социјално прилагодување и сл. Идентификацијата на учениците се изврши на основа на сознанија од претходната учебна година и совладувањето на содржините од наставните програми во тековното одделение. Во врска со тоа се воспостави и соработка со родителите кои се известени за потребата на неговото дете три дена однапред и се побара нивна согласност. Образовните групи за дополнителната настава се формираа во различни периоди, во зависност од времето кога се појавија одредени слабости кај одредени ученици по одредени предмети.

Во текот на целата учебна година реализирани се онолку колку што се и планирани, односно за учениците од 1-6 одделение се реализирани вкупно 1744 часови а за учениците од 7-9 одделение вкупно 824 часа по сите наставни предмети.

## *8.11. Додатна настава*

Додатна настава се реализираше со учениците кои постигнуваат посебни значителни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со ученици кои напредуваа во текот на редовната настава, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, учество на натпревари итн. Оваа настава се изведуваше со еден час неделно за учениците од I до IX оддление. Додатната настава ја реализираа сите наставници според планот и програмата и во соработка со родителите на учениците. Содржините за додатната настава, главно се поспецифични за секој ученик. Во овој вид настава се применуваат индивидуални форми на работа, тандем, групни форми на работа и проектни активности. Идентификувањето и избирањето на учениците се изврши преку систематско следење, испитување вреднување на развојните способности на секој ученик.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Во текот на целата учебна година реализирани се онолку колку што се и планирани, односно за учениците од 1-6 одделение се реализирани вкупно 1683 часови а за учениците од 7-9 одделение вкупно 801 часа по сите наставни предмети.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Тимот за работа со талентирани ученици ги идентификуваше талентираните ученици и со нив се работеше на посебни часови и резултатите се гледаат преку освоените награди на учениците. Наставниците во соработка со Стручните соработници од Училиштето редовно беа во комуникација со овие ученици, ги поддржуваа, им даваа насоки за предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Исто така, работата со надарените ученици се реализираше преку додатната настава со нивно вклучување во воннаставни активности како и учество на натпревари.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции. По добивањето на мислење од МКФ за секој ученик со попреченост беше формиран Инклузивен тим за ученикот кој во соработка со Училишниот инклузивен тим редовно беа во комуникација сé со цел прилагодување, прифаќање и подобро напредување на овие ученици. Училишниот инклузивен тим работеше согласно предвидената Годишна програма за работа. Инклузивниот тим по ученик изготви Индивидуален образовен план или Модифицирана наставна програма во согласност со можностите, способностите и интересите на ученикот по кој што и работи. Со 5 ученика со ПОП работи Образовен асистент доделен од Училиштето со Ресурсен центар „Иднина“- Скопје со кое сме во редовна комуникација, додека еден ученик следи настава без образовен асистент, а еден следи настава од дома.

Во текот на учебната 2024/2025 година одржани се повеќе состаноци на Училишниот инклузивен тим и на Инклузивните тимови по ученик на кои е дискутирано за постигнувањата, потребите и способностите на учениците. Укажано е за потребата да се достават мислења од МКФ за сите ученици со цел обезбедување на образовни асистенти преку ПОУ„Иднина“ Скопје. Сите родители по јавувањето се ставени на листа за чекање во МКФ. За учениците е изготвено мислење кое е доставено до МКФ. Постојана соработка со родители и ученици, давање насоки за учење. Стручните соработници од училиштето се членови на Инклузивниот тим и Инклузивните тимови по ученик, редовно одржуваат состаноци и се во редовна комункација со Директорот на училиштето, родителите на учениците, наставниците, учениците, образовните асистенти и одговорните од ПОУ „Иднина“ Скопје сé со цел прилагодување, прифаќање и подобро напредување на овие ученици.

## 8.14. Работа со ученици кои што имаат потешкотии во учењето

Тимот за работа со ученици кои што имаат потешкотии во учењето изготви годишна програма за работа со овие ученици. Во рамките на предвидените активности од годишната програма за работа се изврши идентификација на учениците кои што имаат потешкотии во учењето. Членовите од тимот имаа стручни консултации со наставниците на учениците и



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

нивните родители сé со цел да им се помогне на учениците. После тримесечните оцени психолозите вршеа советување со родителите и учениците кои што имаат намален успех. Сите превземени активности со учениците резултираа со подобрување на успехот.

## *8.15. Работа со ученици од ранлива категорија*

Тимот за работа со ученици кои што потекнуваат од ранливи категории изготви годишна програма за работа со овие ученици. Во рамките на предвидените активности од годишната програма за работа се изврши идентификација на учениците кои што потекнуваат од ранливи категории на семејства и ученици кои се деца на разведени родители или самохрани родители. Стручните соработници по потреба имаа советодавно-консутативни разговори со родителите и учениците и беа во редовна комуникација со Центарот за социјални работи. Согласно тоа се увиде дека има потреба од хуманитарни акции и тоа собирање на средства за ученици кij што имат потреба од пари за операција, бањско лекување а во соработка со учениците од Ученичкиот парламент. Исто така од страна на психолозите од Училиштето беше обезбедена донација(во облека, обувки, шминка и флизура) за ученици кои што се полуматуранти а потекнуваат од социјално ранливи категории на смејства. Исто така Педагошко-психолошката служба во соработка со Ученичкиот парламент организираа хуманитарни акции(собирање на пластични шишиња и нивно рециклирање во вендинг апарат на Пакомак) и собраните средства беа распоредени за цели кои самите ученици си ги избраа. Во соработка со Општина Крива Паланка која што органиира бесплатно летување за ученици кои што потекнуваат од ранливи категории, учениците беа информирани од наша страна и им се помагаше на родителите околу поднесувањето на бараните документи.

## *8.16. Работа со ученици со емоцинални потешкотии*

Емоциите се поврзани со целокупниот психички живот на човекот, тие се редовна придружна психичка појава на секоја човечка активност. Кога човек перцепира некој објект, или некоја појава, кога учи, кога работи се одмара или размислува, кај него редовно се јавуваат некои емоции. Тие некогаш се позитивни, емоции и тогаш ја зголемуваат животната активност на организмот, а друг пат тие се негативни емоции, и тогаш ги потиштуваат животните процеси во организмот и ги смалуваат резултатите од напорот. Емоциите не се само психичка придружна појава во активностите и во однесувањето на човекот, туку тие се самите се двигател на многу човечки активности. Емоциите и емоционалните односи играат значајна улога во секојдневниот живот, во семејството, во училиштето, во работата, во одржувањето на здравјето и др.

Училишната возраст е многу значаен период како правилно или неправилно ќе се развијат, ќе се усовршат и ќе се изразуваат емоциите кај децата. Во тој процес битна е улогата на наставникот и психологот и нивната комуникација со учениците. За таа цел во нашето училиште Тимот одговорен за следење на програмата редовно работеше на идентификација на учениците со емоционални проблеми и работа со нив. Психолозите од училиштето ги идентификуваа учениците со емоционални потешкотии, постојано го следеа однесувањето на учениците и според тоа реагираа и реализираа работилници-предавања (Ментално здравје, Законот за врсничко насилство, насилство, говор на омраза, јавен ред и мир, казни и последици, причини за насилство, фактори и друго. во соработка со претставник од ПС од ОН Крива Паланка) и разговори со учениците кои што се засегнати. Исто така, се следеше напредокот на учениците, психолозите имаа редовни неделни разговори со учениците на кои што тоа им беше потребно и им се даваше подршка.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## *8.17. Туторска поддршка на учениците*

Министерството за образование и наука обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Дополнителната поддршка ја реализира тутор-волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот. Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер утврдени во програмата.

# 9. Воннаставни активности

Воннаставните активности преставуваат голема разноликост од активности кои овозможуваат да се подобри напредокот на ученикот од социолошко, психолошко и функционално гледиште. Тие на ученикот му овозможуваат да стекне нови навики, знаења и умеења и истите да ги примени во натамошниот животен раст и развој. Во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштето се организираа и се оствруваа разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење.

Вонанаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците. Нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Воннаставните активности се инклузивни и недискриминирачки. Тие се достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Тие исто така овозможуваат развивање на интеркултурни компетенции кај учениците, ја овозможуваат соработката на училиштето со родителите и локалната средина.

Во текот на целата учебна година реализирани се онолку колку што се и планирани, односно за учениците од 1-6 одделение се реализирани вкупно 1437 часови а за учениците од 7-9 одделение вкупно 549 часа.

Во нашето училиште се реализира повеќе видови задолжителни воннаставни активности, какви што се:

1.Краткотрајни воннаставни активности:

а) еднократни рботилници, кои се посветени на најразлични теми, какви што се, на пример:

-правење оригами, икебана, новогодишни честитки или украси;

-подготовка на колачиња;

-работилници за подобрување на менталното здравје кај учениците, запознавање со последиците од користењето на пиротехнички материјали;

б) акции во училиштето и заедницата, кои имаа општествен и хуманитарен карактер:

-хуманитарни акции,

-продажни базари,

2.Подолготрајни воннаставни активности секции/клубови, во кои учениците учествуваат доброволно зависно нивните интереси или за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/области (пр. математичка, информатичка, литературна, ликовна); или за

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (пр. интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање); или за спортско рекреирање(пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг).

## *9.1. Училишни спортски клубови*

Под покровителство на Министерството за образование и наука и Агенција за млади и спорт, како и федерација на училишен спорт на Македонија го организира и реализира проектот-Организирање на зонски, регионални и државни спортски лиги во футсал, кошарка, ракомет и одбојка, со основна цел да се унапреди училишниот спорт со зголемување на бројот на ученици во спортските активности и системот на натпревари во функција на забрзан развој на системот УЧИЛИШЕН СПОРТ и целокупниот спорт во нашата држава. Приоритети за учество имаа училиштата во кои училишните спортски клубови работат според Насоките за успешно функционирање на училишните спортски клубови, дадени од Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Училиштето има основано училишен спортски клуб „Јоаким Крчовски-спорт“ во 2013 година. Како одговорни наставници се вклучени сите наставници по физичко и здравствено образование со поголем обем на ангажирање на наставниците кои наставата ја реализираат во централното училиште.

Во зависност од интересот на учениците се формираа секции за следниве спортови:
-Кошарка - Мирослав Ивановски
-Одбојка и борење - Кирил Стојчевски
-Футсал - Бобан Здравковски
-Карате и пинг-понг - Жарко Ангеловски

## *9.2. Секции/клубови*

Во училиштето работат повеќе секции, секоја секција си има одговорни наставници кои што ги реализираат предвидените активности. Во овој дел особено се обрнува внимание на активно учество на учениците во солидарни акции, работни акции во и надвор од училиштето, уредување и одржување на училниците, училишната зграда и училишниот двор, одбележување на значајни датуми итн.

На почетокот на оваа учебна година се формираа следниве секции кои што навремено си ги реализираа предвидените активности:

| Секции/клубови | Име и презиме на одговорни наставници | Планиран број на ученици и паралелки |
|---|---|---|
| Литературна секција | Даница Младеновска, Валентина Гоговска, Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците I до IX |
| Драмско - рецитаторска секција | Габриела Стојановска, Јасна Ѓеоргиевска, Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците I до IX |
| Млади математичари | Гордана Ивановска, Ненко Ивановски, Светлана Ристовска, Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците од IV до IX |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | |
|---|---|---|
| Млади природници (биолози, еколози и географи) | Светлана Младеновска, Данијела Ѓоргиевска, Маја Златковска, Игор Стојчевски | Бројот варира зависно интересите на учениците од VI до IX |
| Млади еколози | Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците од I до V |
| Секција на историчари | Христијан Гоговски, Блажо Јакимовски | Бројот варира зависно интересите на учениците од VI до IX |
| Музичка секција (хор и оркестар) | Марјан Бошковски – хор<br>Лариса Жулина Митовски – оркестар<br>Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците I до IX |
| Ликовна секција | Лазо Ѓоргиевски<br>Одделенски наставници | Бројот варира зависно интересите на учениците од VI до IX |
| Секција по германски јазик | Милена Божовска | Бројот варира зависно интересите на учениците од VI до IX |
| Љубители на англискиот јазик | Марина Стаменковска, Ивана Славевска, Наташа Стефановска | Бројот варира согласно интересот на учениците од IV до IX |
| Клуб за ученички иницијативи | Христина Илиевска<br>Георгина Велковска | Бројот варира согласно интересот на учениците од VI до IX |
| Млади франкофони | Елена Николовска | Бројот варира согласно интересот на учениците VI до IX |
| Млади информатичари | Наташа Колевска, Елена Младеновска | Бројот варира согласно интересот на учениците VI до IX |
| Клуб на млади библиотекари | Јулијана Стоименова, Наташа Милчевска | Бројот варира зависно интересите на учениците I до IX |
| Спортска секција | Одделенски тандем наставници | Бројот варира<br>Согласно интересот на учениците I – V одд |

## *9.3. Акции*

Во нашето училиште се реализираа разновидни акции во организација на одговорни наставници, учениците, родителите и локалната заедница со цел развивање позитивен однос кон другите, негување меѓусебна почит, чувство на одговорност, развивање работни навики, истрајност во работата, уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, развивање еколошка свест кај учениците, љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици.

**Во текот на учебната 2024/2025 година беа одбележани следниве еко датуми со соодветни активности:**

| **Содржина** | **Време на реализација** | **Задолжени лица** | **Паралелки вклучени** |
|---|---|---|---|
| Меѓународен ден без автомобили | 20 Септември | Еко одбро, наставници по Техничко образоване и ученици | 6-9 одд. |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

| | | | |
|---|---|---|---|
| Светски ден на чисти планини | 26 Септември | Еко одбор | Сите ученици |
| Еколошка акција-Светски ден за заштита на животните | 4 Октомври | Еко одбор при училиштет и учениците | Сите ученици |
| Меѓународен ден на пешачење | 16 Октомври | Еко одбор при училиштето и учениците | 6-9 одд. |
| Меѓународен ден на храната | 16 Октомври | Еко одбор при училиштето и учениците | 6-9 одд. |
| Меѓународен ЕКО проект „Climate Action Project – 2024 | 1 Ноември -6 Декември | Одделенски и предметни наставници<br>Координатор на проектот: наставник-ментор Лариса Жулина-Митовски | 6-9 одд. |
| Еколошка акција-Меѓународен ден на биодиверзитетот (биолошка разновидност) | 27 Декември | Еко одбор при училиштето и учениците | 6-9 одд. |
| Работилница по повод Светскиот ден за заштита на животната средина | 26 Јануари | Одделенски и предметни наставници | 1-9 одд. |
| Светски ден за заштеда на енергија | 5 Март | Еко одбор при училиштето и учениците | 6-9 одд. |
| Одбележување на Светскиот ден на ластовичките | 19 Март | Одделенски наставници | 1-5 одд. |
| 21 Март-Ден на пролетта и екологијата | 21 Март | Одделенски наставници | 1-5 одд. |
| Одбележување на Светскиот ден на водата | 21 Март | Наставник по англиски јазик | 4 одд. |
| Еколошка кампања ,,Твојата стара облека - нова шанса за природата" | 11 април | Одделенски и предметни наставници | 1-9 одд. |
| 22 Април – Ден на планетата Земја | 22 Април | Одделенски наставници | 1-5 одд |

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

**Во учебната 2024/2025 беа одбележани следниве значајни датуми со соодветни активности:**

| Значајни датуми | Одбележување на значајни датуми | Активности |
|---|---|---|
| 1 Септември | На 2 Септември – Свечен прием на првачињата | Организирање приредба |
| 4 Октомври | 4 Октомври – Светски ден на учителот | Литературно читање творби од ученици |
| 8 Октомври | 8 Октомври – Детска недела и прием на првачињата во Детска организација<br>Ден на општината | Работилници и приредба |
| 16 Октомври | 16 Октомври – Светски ден на храната | Хуманитарна акција |
| 20 Ноември | 20 Ноември – Светски ден за правата на децата | Организирање работилница |
| 3 Декември | 3 Декември – Ден на лицата со попреченост | Организирање пригодна приредба |
| 8 Декември<br>(6 Декември) | 8 Декември<br>Св. Климент Охридски | Организирање работилница |
| 8 Декември<br>(6 Декември) | 8 Декември Меѓународен ден за борба против корупцијата | Организирање работилница |
| 20 Декември | 20 Декември – Интернационален ден на човековата солидарност | Собирна акција – книга за деца од ранливи категории |
| 1 Јануари– Нова година | 25-29 Декември | Организирање новогодишна работилница; Новогодишни концерти за најмалите во детската градинка „Детелинка“ и нејзините клонови |
| 24 Јануари | 24 Јануари – Меѓународниот ден на образованието | Организирање работилници |
| 11 Февруари | Денот за побезбеден интернет | Организирање работилници |
| 29- Февруари | На 28- Февруари- Светски Ден на Ретки болести | Организирање работилници |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | |
|---|---|---|
| 8 Март<br>(7 Март) | Меѓународен ден на жената | Организирање работилница |
| 21 Март | 21 Март-Ден на пролетта и екологијата | Организирање работилници |
| 21 Март | 21 Март-Светски ден на лицата со Даунов синдром | Организирање работилници |
| 1 Април | Првоаприлски креативни работилници | Учество на Првоаприлски креативни работилници |
| 2 Април | 2 Април-Светски ден за подигнување на свесноста за аутизмот | Организирање работилници |
| 7 Април | 7 април – Светски ден на здравјето | Работилници под мотото „Мое здравје, мое право!" |
| 8 Април | 8-ми Април-Меѓународен ден на ромите | Организирање работилници |
| 22 Април | 22 Април – Ден на планетата Земја | Организирање работилници |
| 7 Мај | 7 Мај - Ден на македонскиот јазик | Едукативна работилница |
| 9 Мај | Ден на Европа | Учество на манифестацијата Ден на Европа |
| 23 Мај<br>(22 Мај) | Ден на Свети Јоаким Крчовски-патрон празник на училиштето | Организирање на различен вид активности: изложби – изработки од учениците, пригодна програма по повод патронот на училиштето и др. |
| 24 Мај | Ден на сесловенските просветители | Учество на манифестација организирана под покровителство на општина Крива Паланка |
| 1 Јуни<br>(2 Јуни) | 1 Јуни Меѓународен ден на детето | Организирање работилници |
| 10 Јуни | Крај на учебната година | Завршни приредби на ученици од одделенска настава |

## *9.4. Извештај од реализираните воннаставни активности во текот на учебната година*

- **1 Септември – Добредојдовте првачиња**

По повод првиот училишен ден, ООУ "Свети Јоаким Крчовски" ги отвори вратите за новите првачиња и останатите основци. Во рамките на овој ден, први септември, Денот кога започнува



ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

учебната година, во салата „Атриум“ во зграда Партизан се одржа свечена приредба во знак на пречекување на првачињата. Директорот на училиштето и Градоначалникот на Општина Крива Паланка ги поздравија првачињата и им посакаа успешна учебна година и среќен почеток.



- **21 Септември - Одбележување на 21 септември – Меѓународен ден на мирот**

| | |
|---|---|
| https://youtu.be/yv3BNh8TXtw ✅ | |

- **26 Септември – Европски ден на јазиците**

По повод Европскиот ден на јазиците во нашето училиште беа реализирани работилници, каде што заеднички истражуваа и се едуцираа за повеќе јазици од европското тло.

На иницијатива на Советот на Европа, заедно со Европската комисија, Европскиот ден на јазиците се одбележува на 26 септември, секоја година од 2001 година, па наваму.

Целта на одбележувањето на овој ден е да се потенцира важноста од учење јазици ширум Европа, да се промовира лингвистичката и културна разновидност на Европа, како и да се поттикне доживотно учење јазици, во и надвор од училиштето.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“



- **1 октомври - Меѓународен ден на музиката**

Во чест на Меѓународниот ден на музиката, учениците од нашето училиште учествуваа на креативна работилница во Европската куќа. Тие имаа можност да се запознаат со историјата и значењето на овој празник, како и со неговата цел – да го славиме музичкиот јазик кој ги обединува луѓето низ светот. Покрај тоа, учениците самостојно изработија музички инструменти и заедно учествуваа во изведба на ритмички вежби, поттикнувајќи ја нивната креативност и љубов кон музиката.



- **ДЕТСКА НЕДЕЛА 2024 – „Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“**

Во периодот од седми до тринаесетти октомври, во нашето училиште секојдневно се реализираа активности со сите ученици под мотото „Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“:

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

На 7.X 2024 год. (понеделник) – Сите ученици од I (прво) до IX (деветто) одделение, на одделенските часови, следеа презентација за детските права (од Конвенцијата за правата на детето). А, вистинското отворање на Детската недела 2024 се одбележа веднаш после одделенскиот час со свечено доделување на бесплатни ученички унформи за секое дете од страна на Градоначалникот г-дин Сашко Митовски. Тој со овој историски чин уште еднаш покажа дека Еднаквоста е, и може да биде темел за успех и хармонична училишна и општествена средина. Нашите ученици срдечно му се заблагодарија и го поздравија со пораки за правата и обврските на секое дете. Во истиот ден во вториот матичен објект познат под името „Партизан“, по иницијатива на нашата драга колешка, одд.наставник Даниела Ѓоргиовска, во чест на Никола Ѓоргиовски и Фросина Цековска кои прерано не напуштија, а беа дел од нашето училиште, свечено се отвори ресурсната соба, насловена по нив „Фроникс“.

На 8. X 2024 год. (вторник) – учениците од петто одделение со своите одделенски наставници, припремија програма со драматизација, рецитали, шеги и песни за учениците од прво одделение со што им посакаа топло добредојде во Училишната организација.

На 9. X 2024 год. (среда) – учениците IX одделение под менторство на наставничката Милена Божовска подготвија презентација, рецитал и драматизација на германски јазик, наменети за учениците од VI одд. и на тој начин дадоа свој придонес во одбележувањето на Детската недела 2024 година под мотото „Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“.

На 10. X 2024 год. (четврток) – учениците од седмо одделение, под менторство на наставничките Јасна Ѓеорѓиевска и Христина Илиевска, подговија драматизација на тема “Час по демократија”, наменета за учениците од петто одделение, преку која упатија јасна порака дека секое дете има права, но и обврски.

На 11. X 2024 год. (петок) – во училишниот двор се организираше спортски ден, наменет за сите ученици од I (прво) до IX (деветто) одделение, при што учениците имаа можност да уживаат во традиционалните игри, заедно со своите родители и наставници.

- **16 Октомври – Светскиот ден на храната**

Светскиот ден на храната оваа година се одбележува под слоганот „Право на храна, за подобар живот и подобра иднина: никој да не гладува“. Храната е третата најосновна човечка потреба по воздухот и водата и нема сомнеж дека секој треба да има право на соодветна храна




ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- **Посета на средното гимназиско училиште СОУ,,Ѓорче Петров"и ученичкиот дом ,,Боро Менков"**



- **Одбележување на Светскиот ден на јаболкото**



- **25 Октомври- Ден за хранење на птиците**



- **14-27 Октомври 2024 се одржа Европската недела**

По повод Европската Недела на кодирање, #CodeWeek, во нашето училиште беа реализирани активности за развивање креативност, решавање проблеми и соработка преку рограмирањето.

Имавме многу активни 2 недели со 6 различни настани.

Учениците активно учествуваа во следните активности:

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Microbit encoding of musical works-Микробитно кодирање на музички дела;

Coding rhythm patterns – program the music- Кодирање на ритамски шеми – програмирај ја музиката;

We play, learn and code together-Играме, учиме и кодираме заедно;

Coding is everywhere-Кодирањето е насекаде;

Space code-Вселенски код;

Coding in space for the climate change-Кодирање во вселената за климатските промени.

Во горенаведените работилници беа вклучени околу 250 ученици.

Сите ученици и нивните наставници добија сертификати за учество.



- **Учество во хуманитарниот предизвик ,,Штедиме и правиме добри дела”**

Учениците од IV-2 одделение под менторство на наставничката Јагода Ангеловска благодарение на НЛБ имаа можност да учествуваат во хуманитарниот предизвик ,,Штедиме и правиме добри дела”. Тие на забавен начин се едуцираа за придобивките на штедењето, но и научија што значи добро дело и колку е важно да се помага. Сите ученици се здобија со награда од NLB која беше доделена во истата банка во Скопје.



## ➢ 13 Ноември - Светскиот ден на љубезноста

Меѓународниот ден на љубезноста се слави на 13-ти ноември, овој ден поттикнува на добри дела, позитивна комуникација и внимание кон другите.

Учениците од нашето училиште учествуваа на работилница под мотото ,,Со волшебните зборови кон успех” на која со свои изработки, пишувајќи ги волшебните зборови на балони го одбележаа Светскиот ден на љубезноста. Со ова порачуваме како што летаат балоните така и волшебните зборови да одлетаат до сите нас и да не поттикнат да имаме позитивни мисли и да кажуваме убави зборови посакувајќи си еден на друг среќа, радост и убавини и на тој начин ќе живееме безгрижно и насекаде ќе владее мир.






## ➢ Работилница „Есента во нашата училница “

Учениците од нашето училиште учествуваа на работилница под мотото ,,Есента во нашата училница”. Инспирирани од убавините на есента со своите цртежи ја разубавија училницата и напишаа песничка за есента.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



## ➢ Работилница по повод Светскиот ден на детето

По повод 20 Ноември – Светскиот ден на детето се одржа работилница под мотото ,,Јас сум среќно дете”, на која со свои изработки и цртежи посакаа секое детенце да биде насмеано, среќно, радосно и да живее во мир бидејќи детството е колевка на личноста и ако има среќно детство ќе има и среќна иднина.




| | |
|---|---|
| 🔗<br>https://youtu.be/3TKR3ZZaYbU | |

## ➢ Музичка работилница - МИО активности

Учениците од нашето училиште заедно со учениците од училиштето партнер „Јероним Де Рада“ од с. Черкези учествуваа на музичка работилница под наслов „Остави го таблетот, посети ја детската музичка работилница“, која се одржа на 29.11.2024 година во Europe House Крива Паланка.Работилницата започна со едукативна сесија, каде што учениците слушаа за историјата на музиката и инспиративните приказни на големите композитори како Лудвиг ван Бетовен и Јохан Себастијан Бах. По едукативниот дел, учесниците креативно изработуваа музички инструменти од различни материјали, комбинирајќи уметност и практичност. Додека се



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

создаваа инструментите, на пијано свиреа учениците од класата на професорката Лариса Жулина-Митовски. Атмосферата беше дополнета со настап на хорот на професорката Шермин Мемеди-Ајдини, кој ја воодушеви публиката со својот репертоар.Оваа работилница уште еднаш покажа дека музиката има моќ да инспирира и да ги поттикне младите да ја заменат технологијата со активности што ја поттикнуваат нивната креативност.



- **Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост**

На 3 декември, нашето училиште го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост преку креативна дружба и активности. Учениците учествуваа во креативни активности како цртање и изработка на презентации, со што ги изразија своите мисли и идеи за важноста на инклузијата, прифаќањето и почитувањето на различностите.

Цртањата ги отсликаа темите на емпатија, поддршка и солидарност, додека презентациите беа можност учениците да истражуваат и да ги споделат своите знаења за предизвиците и можностите со кои се соочуваат лицата со попреченост.Настанот беше обележан со позитивна атмосфера, соработка и ентузијазам. Оваа иницијатива ја зајакна свесноста кај учениците за важноста на создавање општество во кое сите се чувствуваат добредојдени и вреднувани.Меѓународниот ден на лицата со попреченост се стреми да ја зголеми свеста за придобивките што треба да се извлечат од нивното интегрирање во секој аспект на живеење. Сите заедно да ги поддржиме и да им покажеме дека се дел од нас.

| **Следете го овој линк за да видите дел од нашите креативни активности!** | |
|---|---|
| https://bit.ly/4697mdt | |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## ➢ Работилница за изработка на кукли

Учениците од II-1 одделение при ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка учествуваа на работилницата „Со куклите растеме“. Преку ракување со различни материјали и поттикнување на нивната креативна фантазија, децата изработија уникатни кукли – важен елемент во растењето и развојот на секое дете.Оваа активност им овозможи на учениците да ги создадат своите кукли и да ги именуваат според своите емоции, при што беше поттикнато нивното емоционално изразување и развој на личноста.




## ➢ Одбележување на Денот на човековите права во нашето училиште

Меѓународен ден на човековите права— годишен празник кој се прославува низ светот на 10 декември секоја година.Датумот беше избран во чест на усвојувањето и објавувањето на Универзалната декларација за човекови права од страна на Генералното собрание на Обединетите нации, на 10 декември 1948 година.Во нашето училиште овој ден беше одбележан со креативни и едукативни активности кои ја истакнаа важноста на почитувањето на човековите права.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## Одржано предавање на тема „Детска радост и тага“

На ден 16 и 17.12.2024 година од страна на претставник од Полициска станица-Крива Паланка оддел за превенција со учениците од 4 и 5 одделение беше одржано предавање на тема „Детска радост и тага“.Целта на ова предавање беше учениците да се запознаат со последиците и правната рамка од користењето од петарди и пиротехнички средства.



## Човековите права се учат и низ онлајн игра

На 24 декември 2024 година се одржаа работилници „Човековите права се учат и низ онлајн игра“, на кои учениците решаваа Kahoot квиз „Запознај ги твоите права!“, Wordwall квиз „Правата на децата: Точно или Неточно?“. Исто така учениците ја освоија онлајн играта „Навигатор“, која нуди уникатно искуство: аватарот „Нави“ ги води играчите низ девет планети кои обработуваат теми од човековите права – здравство, животна средина, детски права, Европска конвенција за човековите права, дискриминација, трговија со луѓе, заштита на потрошувачите, азил и миграции, како и заштита на лични податоци. Преку онлајн играта, играчите ги покажа своите знаења, се натпреваруваа и ќе имаат можност да освојат вредни награди.Играта „Навигатор“ е создадена по повод Денот на човековите права, дизајнирана да ја подигне свеста за човековите права кај младите, но и кај пошироката јавност преку интерактивна онлајн игра и имплементирана во партнерство со канцеларијата на Обединетите нации, Министерство за образование, Македонското здружение на млади правници, гејминг здружението Galactic Omnivore и амбасадите на земјите-членки на ЕУ присутни во земјата. Наставници: Лариса Жулина-Митовски и Христина Илиевска.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

**🔗 Целата фотогалерија на следниот линк**

| | |
|---|---|
| https://www.calameo.com/read/0067553043e18afc5f7be | |

## ➢ Традиционален новогодишен концерт

На 26 декември 2024 година во салата „Партизан“ се одржа традиционалниот новогодишен концерт на кој настапија ученици од класите на Лариса Жулина-Митовски, Дејан Анґеловски, Марина Станишковска Пешовска и Марјан Бошковски. Концертот вклучуваше соло изведби на пијано и хармоника, како и камерни изведби на дела од барокна, класична, современа филмска и народна музика. Публиката уживаше во изведбите и изрази благодарност до сите ученици и нивните наставници.

🔗 **https://youtu.be/oDBt_3p6j_M**

## ➢ Новогодишен базар 2024/25– успешен настан со празнична магија

Традиционалниот Новогодишен базар 2024/25 се одржа на 27 декември 2024 година на Градскиот плоштад. „Новогодишниот базар“ привлече голем број посетители, кои имаа можност да уживаат во: Рачно изработени новогодишни украси и декорации од нашите талентирани ученици. Креативни честитки, кои ги украсија домовите на многу семејства.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“



| 🔗 **Слики од настанот може да погледнете на следниот линк: Погледнете ја атмосферата на традиционалниот Новогодишен базар 2024/25** | |
|---|---|
| https://www.calameo.com/read/006755304e7a4f091a19f |   |

## ➢ Новогодишни концерти во градинката „Детелинка“

На 16 и 17 декември 2024 година учениците од ООУ „Св. Јоаким Крчовски“- Крива Паланка приредија незаборавни новогодишни концерти за најмалите во детската градинка „Детелинка“ и нејзините клонови.Со мајсторска изведба на класична, современа и народна музика, младите музичари ја приближија уметноста до детската публика, внесувајќи радост и празничен дух. Децата од градинката возвратија со искрени насмевки и громогласни аплаузи, создавајќи топла и весела атмосфера.Покрај музичките настапи, учениците рецитираа новогодишна поезија и читаа празнични честитки, збогатувајќи ја програмата и внесувајќи дополнителна магија во настанот.Посебна благодарност им се упатува на сите ученици учесници и нивните посветени професори: Лариса Жулина-Митовски, Сања Петровска и Марјан Бошковски, кои со својот труд и ентузијазам придонесоа за успешна реализација на овој новогодишен проект.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



| 🔗 **Атмосферата од концертот може да ја погледнете на следниов ЛИНК** | |
|---|---|
| https://www.youtube.com/watch?v=dx7sgoJs1tM&embeds_referring_euri=https%3A%2F%2Fjoakimkrchovskikrivapalan.wordpress.com%2F&source_ve_path=OTY3MTQ |   |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- **24-ти јануари – Меѓународен ден на образованието**




| **Активности по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на образованието на следниот линк** | |
|---|---|
| https://online.fliphtml5.com/jhmlf/ozoc/#p=1 | |

- **Работилница по повод Светскиот ден за заштита на животната средина**

ООУ „Свети Јо

Во нашето училиште се одржа работилница по повод Светскиот ден за заштита на животната средина. Учениците учествуваа во решавање на еколошки квизови, создавање уметнички дела од рециклиран материјал и дискусии за еколошки проблеми како што се загадување на воздухот и пластика. Целта беше да се подигне свеста за зачувување на природата и да се поттикнат учениците да преземат активни чекори за подобрување на животната средина. Работилницата беше успешна и мотивираше учениците да продолжат со еколошки активности. Наставник: Лариса Жулина-Митовски




- **Светски ден на читањето**

Учениците од нашето училиште активно го одбележаа 2 Февруари – Светскиот ден на читањето. Читањето придонесува за постигнување успеси во училишните задачи, како и за стекнување соодветни знаења и вештини.Со оваа активност се работи на превенција од појава на тешкотии при читањето, како што е дислексијата, особено во современото дигитално време, кога печатените книги сѐ почесто се запоставуваат.Книгата е во центарот на вниманието на детето и претставува извор на знаења, корисни и возбудливи искуства. Дружењето со книгите и читањето го збогатуваат речникот на најмладите и го зголемуваат нивниот фонд на знаења, бидејќи она што го читаат можат да го поврзат со тоа што го гледаат и слушаат околу себе.

- **Недела на информатиката во нашето училиште 10-14 февруари 2025**

Во текот на оваа недела, нашите ученици ќе имаат можност да учествуваат во бројни едукативни и забавни активности посветени на: Важноста на информатиката во секојдневниот живот; дигиталната безбедност и технолошките иновации.Целта на Неделата на информатиката е да ги инспирираме учениците да ја истражуваат информатиката и технологијата, да ги едуцираме за безбедно користење на дигиталните алатки и да ја зајакнеме соработката меѓу училиштето, учениците и родителите.

- **Меѓународниот ден за побезбеден интернет во нашето училиште**

Учениците од нашето училиште беа дел од активности за одбележување на Меѓународниот ден за побезбеден интернет во рамките на иницијативата Недела на информатика.Учениците стекнаа знаења и вештини за побезбедно користење на

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

интернетот на иновативен начин со примена на интерактивна игра за сајбер-безбедност, изработена како слободен ресурс во рамките на проектот „Практично учење преку симулација на игра за подобрување на вештините за сајбер-безбедност“.Безбедноста на интернет е од клучно значење, а преку вакви иновативни методи ги подготвуваме нашите ученици да бидат одговорни и свесни дигитални граѓани.Меѓународниот ден за побезбеден интернет промовира побезбедна и поодговорна употреба на онлајн технологијата од страна на децата и младите ширум светот.Овогодинешното издание на Меѓународниот ден за побезбеден интернет се одржува на 11 февруари 2025 година, со тема „Заедно за подобар интернет“ (“Together for a Better Internet”). По тој повод ќе се одржат низа настани низ целиот свет.




- **21 февруари – Меѓународен ден на мајчиниот јазик**

Учениците од нашето училиште со гордост го одбележаа 21 февруари – Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, ден кој нè потсетува на значењето на јазикот како носител на културата, историјата и идентитетот на еден народ.Мајчиниот јазик е јазикот на нашето детство, јазикот преку кој ги усвојуваме првите зборови, ги искажуваме нашите мисли, мечти и чувства. Тој е мост меѓу генерациите, чувар на традициите и извор на творечка инспирација.Овој ден, кој е промовиран како Ден на лингвистичка и културна разновидност и повеќејазичност, ја нагласува важноста на јазичната разноликост и потребата од зачувување на повеќе од 6000 јазици што се зборуваат во светот денес.Во духот на одбележувањето, учениците преку различни активности – читање поезија, рецитали, дискусии и креативни работилници – ја изразија својата љубов и почит кон мајчиниот јазик.

- **Активно учество во кампањата „Читаме гласно – говориме јасно“**

Учениците и нивните ментори од ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка активно се вклучија во кампањата „Читаме гласно – говориме јасно“, која започна на 2 февруари 2025 година, во чест на Светскиот ден на читањето и ќе трае до крајот на месецот.Цел на кампањата: поттикнување на културата на јавно читање; развивање на јасен и разбирлив говор; негување на македонскиот литературен јазик. Автори и координатори на кампањата: Лариса Жулина-Митовски – наставник-ментор, ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка и Ирена Белешковска – филолог, новинар и поет, литературен клуб „Калин“.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“




## ➢ Одбележување на Светскиот ден на ретки болести

Учениците од нашето училиште го одбележаа 29-ми февруари-Светски Ден на Ретки болести. Целта на одбележувањето на меѓународниот ден на ретки болести е подигнување на јавната свест за ретките болести и влијанието кои тие го имаат на квалитетот на живот на пациентите и нивните семејства.Исто така голем број на учениците и нивните наставници во текот на февруари се вклучија во Меѓународниот проект „Ретко е да си редок” и се стекнаа со сертификатите за активно и успешно учество во истиот.




## ➢ Посета на сензорната соба и училишната библиотека од страна на учениците од Ученичкиот парламент.

На 14.02.2025 година (петок), претседателите на Ученичкиот парламент од сите паралелки од четврто до деветто одделение, заедно со психолозите Марина Јакимовска Митовска и Викторија Груевска од нашето училиште „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка, ја посетија сензорната соба и училишната библиотека, кои се наоѓаат во училишната зграда Партизан.Оваа посета беше од големо значење, пред сè од едукативен карактер, бидејќи

учениците се запознаа со опремата во сензорната соба, нејзината намена, начинот на употреба и влијанието врз децата со посебни образовни потреби.При посетата на училишната библиотека, учениците беа срдечно пречекани од библиотекарите со топол чај и се запознаа со интересни информации за учествата на натпреварите за библиотекари, постигнатите резултати и секциите што тие ги организираат.



- **Светски ден на писателите**

На 3 март, во нашето училиште го одбележавме Светскиот ден на писателите. Учениците и наставниците организираа литературно читање 📖 и работилница во училишната библиотека 📚, каде разговаравме за важноста на литературата и моќта на пишаниот збор ✨. Овој ден ни покажа дека зборовите можат да инспирираат, поттикнуваат размислување и да ги поврзат луѓето

- **Учениците од нашето училиште ја следеа театарската претстава за деца “Книголандија”**

На 6 март 2025 година, учениците од нашето училиште присуствуваа на театарската претстава за деца „Книголандија“, која се одржа во НУ Центар за култура – Крива Паланка. Претставата беше изведена од актерите на Народниот театар при НУЦК „Ацо Шопов“ – Штип.Настанот претставуваше прекрасно искуство за учениците, кои уживаа во магијата на театарот и се запознаа со важноста на читањето и љубовта кон книгите.

- **Работилници по повод 8 Март – Денот на жената**

Во нашето училиште го одбележавме 8 Март – Денот на жената преку креативни и едукативни работилници. Учениците изработуваа честитки и уметнички творби, истражуваа за значајни жени низ историјата и дискутираа за родовата еднаквост и улогата на жените во општеството. Преку овие активности ја изразивме нашата почит и благодарност кон сите жени.

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| 🔗 **Погледнете повеќе во нашите дигитални фотоалбуми** | |
|---|---|
| https://read.bookcreator.com/eQScLvDqFWOqBWBCNdGZrtgPMoO2/sWLOHG3nQcSNUfqq11NsmQ | |
| https://anyflip.com/wxrnw/tzij/ | |

## ➢ Светски ден за заштеда на енергија

Нашето училиште го одбележа овој ден со пораки за одговорно користење на енергијата. Учениците предложија: гасење на светлата кога не се потребни; исклучување на електронските уреди; користење на природна светлина и јавен превоз.Акростихот „ЕНЕРГИЈА“ поттикна размислување за одржливост и активност.Малите промени прават голема разлика!

| 🔗 **Погледнете повеќе во нашата дигитална книга:** | |
|---|---|
| https://read.bookcreator.com/eQScLvDqFWOqBWBCNdGZrtgPMoO2/JjxO9CKPRACdjW6hXF4Nvg/TwbiCiIKQN6LtypFs-vnug | |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

## ➢ МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МАТЕМАТИКАТА

Интернационален ден на математиката (или Денот на Пи, 14-ти март) се одбележува секоја година. Овој ден се слави за да се истакне важноста на математиката и нејзината улога во секојдневниот живот, како и за да се поттикне интересот и љубовта кон науката и математиката кај младите луѓе. 14-ти март е избран затоа што е датумот кога математичарот Јохан Лајбниц (Johann Leibniz) и математичката константа π (Пи) се поврзуваат, бидејќи 14/3 е приближна вредност за бројот π кога се пишува во американскиот датумски формат (ММ/ДД).

| **На следниот линк погледнете фотографии од одбележувањето на Интернационалниот ден на математиката** | |
|---|---|
| https://read.bookcreator.com/eQScLvDqFWOqBWBCNdGZrtgPMoO2/z3FOxwmfTzKCQTzCAk1oxQ/--fnxbteRA6-G0uMO8iW-w | |

## ➢ Светски ден на ластовичките – гласници на пролетта

Учениците од нашето училиште го одбележаа Светскиот ден на ластовичките под мотото:„Ластовиците – гласници на пролетта!“. Со креативни изработки на ластовички, училниците добија пролетен дух, а учениците ја изразија својата љубов кон природата и овие прекрасни птици. Да ги зачуваме ластовичките – симбол на пролетта и надежта!

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“




- **2**
  **1 Март – Денот на екологијата и пролетта**

На 21 март 2025 година, учениците од нашето училиштего го одбележаа 21 Март – Денот на екологијата и пролетта со низа активности посветени на зачувување на природата. Тие изработија едукативни постери, учествуваа во уредување на училишниот двор и засадија цвеќиња и дрвца.Оваа акција ги поттикна на еколошка свест и одговорност кон животната средина.

- **21 Март – Светскиот ден на лицата со Даунов синдром**

Нашето училиште го одбележа 21 Март – Светскиот ден на лицата со Даунов синдром со едукативни презентации и активности за подигање на свеста за Дауновиот синдром. Учениците и наставниците дискутираа за инклузијата и важноста на прифаќањето на различностите.Со оваа иницијатива, ја испративме пораката за еднакви можности за сите!

ООУ „Свети




## ➢ Креативни декупаж работилници во училишната библиотека

Во периодот од 3 до 7 март 2025 година, во училишната библиотека се одржаа креативни работилници со учениците од второ и трето одделение. Учениците работеа со техниката „Декупаж“ под менторство на своите одделенски наставници и библиотекарите.Преку оваа уметничка техника, учениците имаа можност да развијат својата креативност, прецизност и трпеливост, украсувајќи различни предмети со хартија и специјални лепила. Работилниците беа исполнети со ентузијазам и радост, а учениците со гордост ги претставија своите уникатни изработки.Овој настан не само што ја поттикна љубовта кон уметноста кај учениците, туку и ја зајакна нивната соработка, тимска работа и самодоверба. Библиотеката повторно се покажа како место за учење, креативност и дружење, збогатувајќи го ученичкиот живот со нови и инспиративни активности.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

## Пролетна приказна во училишната библиотека

Во периодот од 10 до 14.03.2025 во библиотеката на нашето училиште ,, Свети Јоаким Крчовски “ се одржаа повеќе работилници под наслов ,,Пролетна приказна“. Во работилниците учествуваа учениците од второ и трето одделение под менторство на нивните одделенски наставници и библиотекарите. Секој ученик изработи цвет за уредување на училишниот ходник на кој испишаа и оставија значајни пораки од едукативен и воспитно – образовен карактер. Работилниците ја поттикнаа креативноста и позитивните вредности кај учениците, претворајќи ја библиотеката во простор за инспирација и учење.



- **Литературна работилница во училишната библиотека**

На 26 март 2025 година, учениците од III-4 одделение, заедно со нивната одделенска наставничка Даниела Ѓорѓиовска, одржаа креативна работилница во училишната библиотека. Тие го претставија ликот на Шеќерното дете од лектирата Шеќерна приказна од Славко Јаневски преку подготовка и дегустација на слатки колачи.Пораката од активноста беше дека Шеќерното дете, каде и да оди, ја споделува својата слатка магија, носејќи добрина, радост и топлина.





ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| 🔗 **На следниот линк можете да ја погледнете презентацијата** | |
|---|---|
| https://docs.google.com/presentation/d/e/2PACX-1vQi18r3myTQWjGlFEStzK_HmOJx_iMl7wmy_N6cWSiTU8kwRfQ87TfAKDH5OzLTeA/pub?start=true&loop=true&delayms=2000&slide=id.g343f0f50d84_0_0 | |

- **Кампања „Читаме гласно – говориме јасно“**

Учеството во кампањата „Читаме гласно – говориме јасно“ претставуваше можност за промовирање на читањето како клучна вештина за личен и образовен напредок. Преку активности под менторство и соработка со професионалци, учениците активно придонесоа кон афирмација на пишаниот збор и значењето на гласното читање. Секој учесник доби сертификат како признание за ангажманот и поддршката на оваа важна иницијатива.

- **22 март – Светски ден на водата**

22 март – ден кога целиот свет преку различни активности го одбележува Светскиот ден на водата. Оваа година, мотото е: „Зачувување на глечерите“ Нашето училиште традиционално се вклучи во одбележувањето.Учениците од четврто одделение, под менторство на проф. Елена Митевска-Давидовска, професорка по англиски јазик, подготвија цртежи и презентации за значењето и заштитата на водата. Преку оваа активност се истакна: важноста на водата како извор на живот; нејзиното рационално користење; зачувувањето на чистата околина. На следниот линк можете да ги погледнете цртежите: https://bit.ly/4ezdU7a

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

## ➢ Одбележан Светскиот ден на пијаното

По повод Светскиот ден на пијаното, учениците од нашето училиште, под менторство на Лариса Жулина-Митовски, го одбележаа овој посебен ден со низа активности. Организиравме пет концерти за учениците од 1 до 9 одделение, на кои уживавме во магијата на пијаното и во прекрасните изведби на младите музички таленти.




## ➢ 1 Април – Ден на смеата и креативноста во нашето училиште

На 1 април, учениците од нашето училиште учествуваа во бројни креативни работилници и забавни активности, исполнети со смеа, радост и дружење.Во училишната библиотека, учениците од IV-2 одделение реализираа весела и креативна работилница, проследена со многу шеги и смеа. Преку својата активност, испратија важна порака – дека смеата создава позитивна атмосфера, гради пријателства и претставува извор на радост, здравје и заедништво. 📷 Погледнете ги најубавите моменти од овој весел ден во нашиот фотоалбум https://www.calameo.com/read/006755304ffa5829f21e6

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

### ➢ Светски ден на свесност за аутизмот

По повод 2 Април – Светскиот ден на свесност за аутизмот, во училиштето се реализираа активности за прифаќање и разбирање на различностите, преку разговори, креативни изработки и инклузивни игри со учениците.



### ➢ 7 Април – Светскиот ден на здравјето

По повод 7 Април – Светскиот ден на здравјето, учениците се вклучија во едукативни и креативни активности со фокус на здрави навики, хигиена, исхрана и физичка активност, испраќајќи силна порака за важноста на здравјето.




### ➢ Еколошка кампања ,,Твојата стара облека – нова шанса за природата”

На 11.04.2025 година нашето училиште се вклучи во еколошката кампања ,,Твојата стара облека – нова шанса за природата”. Учениците донираа стара облека создавајќи навики дека секој отпад може да се селектира на определено место со цел да се искористи за повторна употреба.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“




- **Музичка работилница со родителите**

На 15 април 2025 година, во топлата и инспиративна атмосфера на училишната библиотека, се одржа Музичка работилница со родителите. Овој настан претставуваше прекрасна можност за зајакнување на врската меѓу учениците, родителите и наставниците преку музичка креативност и соработка.Учениците, заедно со нивните родители и ментори, со многу ентузијазам изработуваа музички инструменти од рециклирани и природни материјали. Работилницата беше исполнета со смеа, музика и радост – секој звук што го создадоа беше резултат на заеднички труд и креативност.Покрај изработката на инструментите, учесниците имаа можност и да музицираат заедно, да импровизираат и дури да компонираат свои кратки музички дела. Ваквите активности ја поттикнуваат детската имагинација, ја развиваат музичката писменост и го зајакнуваат чувството на заедништво и поддршка.Настанот заврши со импровизиран концерт, кој ги воодушеви сите присутни и покажа колку музиката може да биде мост што ги поврзува генерациите. https://www.youtube.com/watch?v=CTUTzl2F4VM&embeds_referring_euri=https%3A%2F%2Fjoakimkrchovskikrivapalan.wordpress.com%2F&source_ve_path=OTY3MTQ

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## ➢ Франкофонска вечер

Стотина млади франкофони од ООУ “Свети Јоаким Крчовски ” Крива Паланка под менторство на проф. Елена Николовска како и ученици од Сензибилизација за запознавање на францускиот јазик и култура на Бел Идеал од Париз преку песна, поезија, драматизација на прекрасниот француски јазик се претставија во одлично светло на традиционалната франкофонска вечер која датира од 2013.година.



## ➢ Велигденска работилница

По повод Велигден беа реализирани креативни активности по повод Велигден. Учениците изработуваа корпички, бојадисуваа јајца и создаваа ликовни творби, со што ја изразија својата креативност и ја негуваа традицијата во празнична атмосфера.

| | |
|---|---|
| https://www.youtube.com/watch?v=BvxyxcM0J5w | |

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

| | |
|---|---|
| https://youtu.be/LLO4VfZIjl4 | |

## ➢ 22 Април – Светски ден на планетата Земја

Учениците од нашето училиште испратија силна порака: Грижете се, чувајте ја, сакајте ја – затоа што е единствена и непроценлива! Преку различни активности цртаа еко-пораки и природни пејзажи, изработуваа плакати со едукативна содржина и подготвија презентации за заштита на животната средина. Нѐ потсетија дека иднината на нашата планета зависи од секој од нас.



## ➢ 23 Април – Светски ден на книгата

По повод Светскиот ден на книгата, во училишната библиотека се одржа креативна работилница со учениците од трето одделение. Преку изразно читање, крстозбор и избор на омилена книга, учениците го прославија читањето како најдобар начин на учење.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



| 🔗 **Активности по повод Светскиот ден на книгата** | |
|---|---|
| https://youtu.be/nYX5IvZajjU | |

- **5 МАЈ – ДЕН НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК**

На 5 мај, во нашето училиште го одбележавме Денот на македонскиот јазик – денот кога во 1945 година е озаконета македонската азбука. Учениците учествуваа во активности посветени на јазичната самобитност и културното наследство: читаа литературни текстови, изработуваа постери и зборуваа за значењето на мајчиниот јазик. Преку овие активности испративме порака за важноста од зачувување и пренесување на македонскиот јазик на идните генерации.

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oonjoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ„Свети Јоаким Крчовски“



## ➢ Светски ден на Црвениот крст

На 8 мај, во нашето училиште го одбележавме Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина – ден посветен на хуманоста, солидарноста и пожртвуваноста. Учениците се вклучија во разни активности: дискусии, цртање, изработка на презентации и креативни изрази преку кои ја истакнаа важноста на хуманите вредности и меѓусебната поддршка. Преку оваа активна вклученост, оддадовме почит на делото на Анри Динан и мисијата на Црвениот крст.

## ➢ Иницијатива „Генералка викенд“ во Крива Паланка

На 9 мај (петок), по петти пат, во Општина Крива Паланка се реализираше големата еколошка акција „Генералка Викенд“. Нашето училиште активно се вклучи во оваа иницијатива со цел да придонесеме за почиста и поздрава животна средина. Учениците, наставниците и вработените преку заедничка работа испратија силна порака за важноста на грижата за природата, селекцијата на отпад и заедничката одговорност. Преку личен пример, ја истакнавме нашата еколошка и граѓанска свест и потсетивме дека грижата за заедницата започнува од секој од нас.

## ➢ 15 Мај – Меѓународен ден на семејството

По повод Меѓународниот ден на семејството, учениците од нашето училиште учествуваа во креативни ликовни работилници на тема „Семејството низ детските очи“. Преку своите цртежи изразија љубов, радост и топлина – вредности што ги поврзуваат со семејството. Во училниците беа организирани изложби на детските цртежи, како искрен и шарен приказ на значењето на семејството во животот на децата. Активноста беше насочена кон развивање емпатија, благодарност и почит кон најблиските.

## ➢ 15 мај – Ден на македонското знаме

На 15 мај го одбележавме Денот на македонското знаме – симболот што нè обединува и потсетува на нашето потекло и припадност. Учениците преку разговори, цртање и симболични

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

активности го изразија своето почитување кон знамето. Научија дека црвената боја симболизира храброст, а сонцето – светлина и надеж. Преку ова одбележување, ја потврдивме љубовта и гордоста кон нашето национално знаме.



## ➢ 18 Мај - Меѓународен ден на музеите

По повод Меѓународниот ден на музеите – 18 Мај, учениците од IV-2 одделение, заедно со одделенскиот раководител Јагода Ангеловска, го посетија Градскиот музеј. Тие учествуваа во креативната музејска работилница „Го сликаме музејот“, каде што преку ликовно изразување имаа можност да ги истражат и прикажат избраните музејски предмети. Секој ученик на свој уникатен начин го прикажа музејот, а најуспешните творби беа наградени со симболични подароци. Работилницата помина во позитивна и поттикнувачка атмосфера, оставајќи зад себе многу убави цртежи како спомен на оваа едукативна и креативна средба.




## ➢ Учество на Мобилниот парламентарен караван

На 19 мај 2025 година, учениците од нашето училиште учествуваа на настанот „Мобилен парламентарен караван“, организиран од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Настанот се одржа пред општинската зграда во Крива Паланка и овозможи

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

директна комуникација со пратеници, отворен дијалог и размена на мислења за актуелни општествени прашања.Преку активно учество во дискусиите и едукативните активности, учениците имаа можност да го зајакнат своето разбирање за парламентарната демократија и значењето на граѓанското учество. Овој настан претставуваше значајно искуство за нивниот личен и образовен развој, поттикнувајќи ги кон активно учество во општеството.

## ➢ Литературен поетски конкурс на тема „Учењето е бескрајно патување“

Во чест на нашиот Патрон празник “Свети Јоаким Крчовски” денеска во училиштето се одржа поетско читање, на кое и беа доделени награди од училишниот литературен поетски конкурс на тема “Учењето е бескрајно патување”.



## ➢ Натпревар за „Убаво пишување на нотен текст“-2025

На 16 мај 2025 година, по повод одбележувањето на Патрониот празник, во просториите на училиштето се одржа натпревар на тема „Убаво пишување на нотен текст“. На натпреварот учествуваа ученици од I до VI одделение од музичката паралелка. Иницијатор и координатор на натпреварот беше наставникот-ментор Лариса Жулина-Митовски.

## ➢ Одбележан патрониот празник – Свети Јоаким Крчовски

На 22 мај 2025 година, со голема радост и гордост, нашето училиште го одбележа патрониот празник – Свети Јоаким Крчовски, првиот македонски просветител. По тој повод, беше организирана свечена приредба подготвена од учениците и наставниците, посветена на животот и делото на овој значаен учител и народен просветител. Програмата беше збогатена со рецитали, драмски изведби и музички точки, кои ги истакнаа вредностите на знаењето, јазикот и традицијата. Настанот помина во свечена и радосна атмосфера, а присутните уживаа во креативниот израз и посветеноста на учениците.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“




- **Спортски игри во чест на патрониот празник**

Во рамките на одбележувањето на патрониот празник на нашето училиште, беа организирани спортски активности со цел забавен и активен начин на оддавање почит на значајниот ден. Учениците од четврто и петто одделение, под менторство на наставникот Горан Цоневски, учествуваа во различни игри, прикажувајќи тимска работа, спортски дух и позитивна атмосфера. Настанот беше исполнет со радост, смеа и пријателска конкуренција. Под менторство на наставникот Жарко Ангеловски, се одржа натпревар во мал фудбал помеѓу учениците од осмо и деветто одделение, кој ја засили спортската енергија и дух на празникот.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## ➢ Идеатон „Одржливо земјоделство“ – Младите агропретприемачи на иднината

На 30 мај 2025 година, во Европската куќа во Крива Паланка, се одржа училишен Идеатон на тема „Одржливо земјоделство“ со учество на ученици од 6 до 9 одделение. Настанот беше организиран во рамки на Еразмус+ проектот „Green Agripreneurs of Future“ и имаше за цел да ги поттикне младите на иновативни решенија во земјоделството. Учениците работеа во тимови, истражуваа и презентираа идеи поврзани со рационално користење вода, наводнување „капка по капка“, собирање дождовница и еколошки методи во агрокултурата. Тие ги презентираа своите идеи преку модели, постери, PowerPoint презентации и Kahoot квиз. Овој Идеатон ја разви нивната креативност, критичко размислување и претприемачки дух, покажувајќи дека младите се вистински агропретприемачи на иднината.




## ➢ Посета на идните првачиња од ОЈУДГ „Детелинка“

На 4 јуни, нашето училиште го посетија идните првачиња од ОЈУДГ „Детелинка“. Во пријатна и весела атмосфера, тие имаа можност да се запознаат со училишните простории, да се дружат и да учествуваат во креативни и едукативни активности заедно со нашите ученици. Им посакуваме безгрижен, весел и сончев летен одмор и со радост ги очекуваме повторно во септември – топло добредојде на новите членови на нашето училишно семејство.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132








- **Тактичко - показна вежба за евакуација**

  Нашето училиште учествуваше во тактичко-показната вежба за евакуација во случај на елементарна непогода – пожар, спроведена во матичниот објект на ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка. Вежбата беше реализирана во соработка со Општинската организација на Црвен крст и Територијалната противпожарна единица Крива Паланка, со цел развивање на свеста за безбедност и подготвеност при вонредни ситуации.

- **Франкофонски камп во Струга**

Во периодот од 15 до 20 јуни 2025 година во Солферино, Струга, се одржа франкофонски камп во организација на фондацијата Бел Идеал од Париз. На кампот учествуваа триесетина ученици од основни и средни училишта од 10 македонски градови, победници на државни натпревари по француски јазик организирани од Здружението на професорите по француски јазик во текот на учебната 2024/2025 година, како и добитници на награди од националната франкофонска вечер во Свети Николе. Меѓу наградените учесници беа и Симеон Ристовски од 8-5 одд и Софија Младеновска од 6-4 одд од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка, заедно со нивната професорка Елена Николовска. Учениците, поделени според нивото на познавање на францускиот јазик, преку работилници и друштвени игри на француски јазик ги усовршија јазичните вештини, стекнаа нови пријателства и уживаа во убавините на брегот на Охридското Езеро.



## 10. Ученичко организирање и учество

На почетокот на учебната 2024/2025 беше одржан состанок на Ученичкиот парламент каде што беа избрани нов Претседател на ученичкиот парламент и нов Ученички правобранител. Учениците сами даваа предлози и потоа преку тајно гласање беа избрани претставниците. За Претседател на ученичкиот парламент беше избран ученикот Симеон Ристовски од 7-5 одделение а за Ученички правобранител беше избран ученикот Лука Петковски од 8-5 одделение. Исто така, учениците од Ученичкиот парламент зедоа учество во хуманитарни акции за собирање на средства за ученик на кој што му беа потребни пари за операција на очите и собирање на храна за социјално загрозено семејство. Хуманитарните акции беа успешно рерализирани и беше собрана солидна сума на средства кои што му беа од



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

огормна помош на ученикот и на неговото семејство како и собрана голема количина на храна за семејството. Исто така учениците од Ученичкиот парламент а во соработка со психолозите реализраа собирна акција на пластични шишиња кои што треба да бидат доставени во вендинг апратот на Пакомак и собраните средства ќе се донираат на ученици на кои што им е најпотреба парична помош. Од страна на психологот од училиштето, во текот на првото полугодие на членови на ученичкиот парламент им беше одржана презентација на тема Ненасилно однесување (Булинг-Врсничко насилство).

## 11. Вонучилишни активности

### *11.1 Екскурзии, излети и настава во природа*

Во текот на учебната година беа реализирани Еднодневните есенска и пролетна екскурзија за учениците од I до IX одделение во непосредна околина на Крива Паланка каде што се запознаа со природните убавини и географски карактеристики на местото и околината, развиваа интерес за природата и градење еколошки навики, развиваа интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење, го јакнеа меѓусебното другарување и зацврстување на односот ученик наставник.

- Во пријатна атмосфера и убаво дружење помина еднодневниот есенски излет за сите ученици од прво до деветто одделение. Учениците од предметна настава го посетија манастирскиот комплекс Свети Јоаким Осоговски, учениците од одделенска настава со своите наставници излетот го реализираа на градското игралиште, а учениците од подрачните училишта во околината на самите училишта.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

**Извештај од изведената еднодневна екскурзија за учениците од 3 одделение**

Во согласност со **Правилникот за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта**, како и согласно **Годишната програма за работа на ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка** и **Годишното планирање за трето**

**одделение**, во учебната 2024/2025 година беше реализирана **еднодневна научно-образовна екскурзија** за учениците од трето одделение на релација: **Крива Паланка – Крушево – Крива Паланка**.

**Цели на екскурзијата**
**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со различни природни и општествени средини и нивните специфични географски карактеристики.
- Утврдување знаења за значајни настани, појави, процеси и личности од националната историја, согласно наставните содржини за трето одделение.
- Развивање способности за набљудување, согледување и поврзување природни и општествени појави.
- Поттикнување усно изразување и пренесување доживеано искуство.
- Зајакнување на непосредната комуникација меѓу наставници и ученици.
- Поттикнување љубов кон културните вредности.
- Развивање интерес за природата и формирање еколошки навики од најрана возраст.

**Конкретни задачи на екскурзијата:**

- Запознавање со карактеристичниот растителен и животински свет на регионот.
- Стекнување искуства за самостојност и грижа за себе.
- Поттикнување позитивни емоционални доживувања.
- Развивање културни и естетски вредности и љубов кон убавините на татковината – Република Северна Македонија.

**Наставни содржини и активности:**

- Проширување на знаењата од наставните теми:
    - Природни убавини на Република Северна Македонија.
    - Релјефни и климатски одлики на различни региони.
- Активности: набљудување, посета на значајни локации и културно-историски споменици.

**Тек на екскурзијата:**

- **Датум на реализација:** 9 мај 2025 година (петок)
- **Број на ученици:** 80
- **Тргнување:** од пред училишната зграда „Партизан“ во 07:00 часот
- **Прва пауза:** во 08:15 часот, на бензинска пумпа по Куманово
- **Посета во Прилеп:** Спомениковт „Могила на непобедените“ – пауза од околу еден час
- **Посета во Крушево:**
    - Споменик „Мечкин Камен“
    - Спомен-куќа на Тоше Проески
    - Споменик „Македониум“
    - Гробот на Тоше Проески
- **Поаѓање од Крушево:** околу 17:00 часот
- **Пристигнување во Крива Паланка:** околу 21:00 часот

**Организација и безбедност:**
Екскурзијата се реализираше успешно, без проблеми и без забелешки ниту од наставничкиот тим, ниту од страна на туристичкиот водич ангажиран од туристичката агенција.

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Поддршка и придружба беше обезбедена и од страна на три родители – мајки на ученици од трето одделение, кои придонесоа за подобра организација и безбедност.

**Наставници одговорни за реализацијата на екскурзијата:**

- Изабела Павловска
- Сузана Ѓорѓиевска
- Андријана Димитровска
- Даниела Ѓорѓиевска
- Сања Петровска
- Елена Стојановска

## Извештај од изведената дводневна екскурзија за учениците од VI (шесто) одделение низ Источна Македонија

Во согласност со годишната програма за реализација на наставно-воспитни активности, на 07 и 08 мај 2025 година беше реализирана дводневна ученичка екскурзија за учениците од VI одделение на релација Крива Паланка – Дојран – Крива Паланка.

Екскурзијата имаше **спортско-рекреативен, социо-забавен и едукативен карактер**, со цел поттикнување на интересот кај учениците за природата, историјата, енергетиката и културното наследство на Македонија.

Во текот на двата дена беа реализирани следните активности:

- Посета на **Лесновскиот манастир** и запознавање со неговото духовно и културно значење;
- Посета на градот **Струмица**;
- Пешачење низ природа до **Колешинските водопади**;
- Запознавање со **фотоволтаични системи** за добивање електрична енергија и со **оранжерии** за одгледување раноградинарски култури во струмичкиот регион;
- Сместување и ноќевање во **хотел „Полин“** во Дојран.

Вториот ден:

- Спортско-рекреативни активности и прошетка покрај **Дојранското Езеро**;
- Посета на **ТЕЦ Неготино** и запознавање со добивање електрична енергија преку термоенергетски процес;
- Посета на **археолошкиот локалитет Стоби**, каде учениците присуствуваа на стручно предавање од страна на кустос, при што се запознаа со значајни артефакти од праисторискиот период.

Патувањето помина во најдобар ред, со пропратни паузи, дружење и позитивна атмосфера. Учениците се вратија во Крива Паланка во попладневните часови на 08 мај 2025 година, задоволни и збогатени со нови знаења и искуства.

Во екскурзијата учествуваа 69 ученици, во придружба на одделенските наставници:

- Елена М. Давидовска
- Тони Велковски

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- Даница Младеновска
- Наташа Колевска
- Тања Д. Шкрбиќ

## Извештај од изведената тродневна екскурзија за учениците од IX одделение

Тродневна екскурзија: Крива Паланка – Крушево – Охрид – Вевчани

Во рамки на годишната програма за воспитно-образовна работа, во периодот од 4 до 6 ноември 2024 година беше реализирана тродневна ученичка екскурзија за учениците од деветтите одделенија. Екскурзијата беше организирана на релација Крива Паланка – Крушево – Охрид – Вевчани – Крива Паланка, во соработка со туристичката агенција „Црво експрес“ од Штип.

Во екскурзијата учествуваа вкупно 69 ученици, придружувани од пет одделенски раководители: Ненко Иванов, Радмила Димитровска, Дане Ангеловски, Блажо Јакимовски и Елена Ѓошевска-Младеновска, како и туристички водич и лекар. Тргнувањето беше во 07:00 часот од пред централниот училишен објект.

Според однапред утврдениот план и програма, учениците ги посетија следните значајни културно-историски и природни локалитети:

- **Крушево**: Маркови Кули, споменикот Македониум, спомен-куќата на Тоше Проески и ручек во ресторанот „Крушевска одаја“.
- **Охрид**: Античкиот театар, Плаошник, старата чаршија, манастирот Св. Наум.
- **Вевчани**: Посета на Вевчанските извори.

Учениците беа сместени во хотел „Амбасадор“ во Охрид, каде што беа организирани вечерата и ноќевањата.

Екскурзијата беше со изразен едукативен карактер, со цел проширување на знаењата за македонското културно и историско наследство, развивање на љубовта кон татковината, поттикнување на меѓусебна соработка, пријателство и одговорност при групни активности.

Екскурзијата беше успешно реализирана, без никакви инциденти, и со позитивни впечатоци од страна на учениците, родителите и наставниците. Враќањето беше изведено навремено, во попладневните часови на 6 ноември 2024 година.

Одговорно лице: Ненко Иванов

Одделенски раководители: Радмила Димитровска Дане Ангеловски Блажо Јакимовски Елена Ѓошевска Младеновска

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# 12. Натпревари за учениците

За учениците кои покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници.
Ученичките натпревари претставуваат вонннаставни активности што се одвиваат на различни нивоа, почнувајќи од училишни, па сè до меѓународни натпревари. Целта на овие натпревари е да им се овозможи на учениците кои вложуваат дополнителен труд во изучувањето на одреден предмет да ги покажат своите знаења и умеења, како и да се натпреваруваат со врсници од други училишта, градови и држави. Натпреварите имаат елиминационен карактер, а подготовката на учениците се реализира под менторство на предметниот наставник.
Училишните натпревари (како првична селекција) најчесто се одржуваат кон крајот на првото полугодие, додека општинските и регионалните натпревари се реализираат во текот на второто полугодие.

| **Предмет** | **Име и презиме на ученикот** | **Име и презиме на менторот** | **Време на реализација** | **Име на конкурс, натпревар** | **Освоени награди** |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишен оркестар | Членовите на училишниот оркестар | Лариса Жулина-Митовски | 27 ноември | Меѓународен уметнички фестивал „Утринска Ѕвезда“-Банско, Р.Бугарија | **Прва награда** |
| Биологија | Адреј Младеновски Мила Димитриевска (VIII одд.) Матеја Стефановска Ива Стојчевска (IX одд.) | Светлана Младеновска | 14 февруари | Општински натпревар по биологија | **Втора награда** |
| Биологија | Лео Станојковски (VIII одд.) Луна Тодоровска (IX одд.) | Светлана Младеновска | 14 февруари | Општински натпревар по биологија | **Трета награда** |
| Биологија | Драгана Давитковска Никола Ѓоргиевски | Данијела Ѓоргиевска | 14 февруари | Општински натпревар по биологија | **Пофалница за учество** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (VII одд.) | | | | |
| Географија | Ива Спасковска (VII одд.) Глорија Стојмировска (VII одд.) Петра Стојковска (IX одд.) | Игор Стојчевски | 22 февруари | Општински натпревар по географија | **Прва награда** |
| Географија | Михаил Јовановски Александар Сандевски Матеј Стефановски (IX одд.) | Игор Стојчевски Јасмина Јовановска Добринка Митровска | 22 февруари | Општински натпревар по географија | **Сертификат за учество** |
| Природни науки | Петар Вучковски (IV одд.) Алекс Велиновски (V одд.) Викторија Петровска Бојана Младеновска (VI одд.) | Јагода Ангеловска Маја Златковска Светлана Младеновска | 28 февруари | Општински натпревар по природни науки | **Втора награда** |
| Природни науки | Бисера Јаќимовска (IV одд.) Евгенија Стојановска(IV одд.) Петар Стаменковски (VI одд.) Дениција Станоевска (IV одд.) | Јагода Ангеловска Милица Димитровска Светлана Младеновска Елеонора Давитковска | 28 февруари | Општински натпревар по природни науки | **Трета награда** |
| Природни науки | Тадеј Марковски | Маја Златковска | 28 февруари | Општински натпревар по природни науки | **Пофалница за учество** |
| Француски | Ива | Елена | 5 март | Натпревар по | **Сертификат** |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| јазик | Стојановска и Симеон Ристовски од VIII-5 | Николовска | | изразно читање на француски јазик | **за учество** |
| Германски јазик | Лукас Камберовски (7-5) | Милена Божовска | 13 март | Регионален натпревар по германски јазик | **Прва награда** |
| Германски јазик | Меглена Георгиева и Глорија Гоговска (6-1) Лукас Камберовски (7-5) Невена Стаменковска и Матеја Стефановска (9-1) | Милена Божовска | 13 март | Регионален натпревар по германски јазик | **Сертификат за учество** |
| Математика | Бисера Димитровски Дамјан Цековски Димитар Јовановски Дино Ѓошевски Катја Миленковска Божил Величковски | Марина Ристовска, Слаѓана Здравковски и Татјана Николовска | 14 март | Интернационален натпревар по „Информатичко размислување“ | **Прва награда** |
| Математика | Евгениј Ангеловски Јоаким Поцевски Кирјана Блажевски Марко Ѓорѓиевски Мелани Митева Теон Петровски Ања Јакимовска | Марина Ристовска, Слаѓана Здравковски и Татјана Николовска | 14 март | Интернационален натпревар по „Информатичко размислување“ | **Втора награда** |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Математика | Ања Петковска Горјан Додевски Иларија Ѓорѓиев Илијан Јакимовски Леон Јанковски | Марина Ристовска, Слаѓана Здравковски и Татјана Николовска | 14 март | Интернационален натпревар по „Информатичко размислување“ | **Трета награда** |
| Математика | Петар Вучковски- 28 поени Алексеј Маџовски- 25 поени Евгенија Филиповска- 17 поени Филип Илиевски- 16 поени Дамјан Јакимовски – 7 поени Петар Стаменковски – 71 поен Мелани Ангеловска- 43 поени Матеј Георгиев – 16 поени Ива Спасковска – 15 поени Нина Стојановска – 7 поени Петар Груевски – 1 поен Никола Дојчиновски – 30 поени | Тони Јакимовски Јагода Ангеловска Елизабета Цоневска Снежана Ивановска Александра Стојановска Гордана Алексовска Тони Јакимовски Гордана Ивановска Светлана Ристовска Ненко Иванов | 15 март | Регионален натпревар по математика | **Пофалница за учество** |
| Биологија | Андреј | Светлана | 28 март | Регионален | **Втора** |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Младеновски (VIII одд) | Младеновска | | натпревар по биологија | **награда** |
| Биологија | Драгана Давитковска и Никола Ѓоргиевски (VII одд) Мила Димитриевска и Лео Станојковски (VIII одд) Ива Стојчевска Матеја Стефановска Луна Тодоровска (IX одд) | Данијела Ѓоргиевска Свелана Младеновска | 28 март | Регионален натпревар по биологија | **Трета награда** |
| Биологија | Исидора Лековска (VII одд) | Данијела Ѓоргиевска | 28 март | Регионален натпревар по биологија | **Пофалница за учество** |
| Француски јазик | Ива Стојановска Симеон Ристовски Матеа Јовановска и Стефана Јакимовски (8-5) Лука Петковски (9-5) | Елена Николовска | 28 март | Регионален натпревар по француски јазик | **Покажаа солидни знаења и јазични вештини по француски јазик** |
| Природни науки | Петар Вучковски Петар Стаменковски Викторија Петровска | Јагода Ангеловска Светлана Младеновска | 4 април | Регионален натпревар по природни науки | **Втора награда** |
| Природни науки | Бисера Јаќимовска Евгенија Стојановска Бојана Младеновска | Милица Димитровска Јагода Ангеловска Светлана Младеновска | 4 април | Регионален натпревар по природни науки | **Трета награда** |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Алекс Велиновски<br>Тадеј Марковски<br>Деницијa Станоевска | Маја Златковска<br>Елеонора Давитковска | | | |
| Англиски јазик | Каја Величковска<br>Димитриј Белешковски (V одд.)<br>Бојана Младеновска<br>Софија Младеновска (VI одд.)<br>Ангела Величковска (VII одд.)<br>Ива Стојановска<br>Дариа Давитковска (VIII одд.) | Тања Димитровска - Шкрбиќ<br>Наташа Стефановска<br>Христина И. Димитровски | 12 април | Регионален натпревар по англиски јазик | **Втора награда** |
| Англиски јазик | Николија Давидовска | Наташа Стефановска | 12 април | Регионален натпревар по англиски јазик | **Трета награда** |
| Англиски јазик | Невена Стаменковска (XI одд.) | Марина Стаменковска | 12 април | Регионален натпревар по англиски јазик | **Пофалница за учество** |
| Клуб на млади библиотекари | Александар Сандевски | Јулијана Стоименова<br>Наташа Милчевска | 14 април | Општинскиот натпревар Млади библиотекари | **Втора награда** |
| Училишен оркестар | Членовите на училишниот оркестар | Лариса Жулина-Митовски | 16 април | Општински натпревар по оркестар | **Прва награда со освоени максимални 100 поени** |
| Музичко образование | Нина Николовска (IX одд.) | Лариса Жулина- | 29 април | Регионален натпревар по музичко | **Прва награда** |

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Софија Младеновска (VI одд.) Ина Николовска (V одд.) | Митовски | | образование | |
| Училишен оркестар | Членовите на училишниот оркестар | Лариса Жулина-Митовски | 29 април | Регионален натпревар по оркестар | **Прва награда со освоени максимални 100 поени** |
| Македонски јазик | Глорија Стојмировска (VII-2) | Јасна Ѓеорѓиевска | 30 април | Регионален натпревар по македонски јазик | **Втора награда** |
| Македонски јазик | Петар Стаменковски (VI-4) | Јасна Ѓеорѓиевска | 30 април | Регионален натпревар по македонски јазик | **Трета награда** |
| Математика | Петар Стаменковски (VI одд.) | Тони Јакимовски | 3 мај | Државен натпревар по математика | **Пофалница за учество** |
| Прва помош | Лара Ѓеорѓиевска Јоана Илиевска Давор Ѓорѓиевски Глорија Стојмировска Исидора Лековска Никола Ѓорѓиевски | Маја Златковска | 5 мај | Натпревар по прва помош | **Прва награда** |
| Музичко образование | Нина Николовска (IX одд.) | Лариса Жулина-Митовски | 5 мај | Државен натпревар по музичко образование | **Втора награда** |
| Англиски јазик | Дариа Давитковска (VIII одд.) | Тања Димитровска -Шкрбиќ | 10 мај | Државен натпревар по англиски јазик | **Втора награда** |
| Англиски јазик | Каја Величковска Димитриј Белешковски | Ивана Цоневска | 10 мај | Државен натпревар по англиски јазик | **Пофалница за учество** |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (V одд.) | | | | |
| Англиски јазик | Бојана Младеновска Софија Младеновска (VI одд.) | Тања Димитровска - Шкрбиќ | 10 мај | Државен натпревар по англиски јазик | **Пофалница за учество** |
| Англиски јазик | Ангела Величковска (VII одд.) | Наташа Стефановска | 10 мај | Државен натпревар по англиски јазик | **Пофалница за учество** |
| Англиски јазик | Ива Стојановска (VIII одд.) | Христина И. Димитровски | 10 мај | Државен натпревар по англиски јазик | **Пофалница за учество** |
| Училишен оркестар | Членовите на училишниот оркестар | Лариса Жулина-Митовски | 14 мај | Државен натпревар по оркестар | **Прва награда** |
| Музичко образование | Лука Велиновски Ања Спасевска Талија Пешовска Миа Тренчовска Јована Стаменковска | Лариса Жулина-Митовски Дејан Ангеловски Марина Станишковска Пешовска Марјан Бошковски | 16 мај | Училишен натпревар „Убаво пишување на нотен текст“ | **Прва награда** |
| Музичко образование | Уна Златановска Јован Ѓорѓиевски Јован Јосимовски Давор Ангеловски | Лариса Жулина-Митовски Дејан Ангеловски Марина Станишковска Пешовска Марјан Бошковски | 16 мај | Училишен натпревар „Убаво пишување на нотен текст“ | **Втора награда** |
| Музичко образование | Војдан Јовановски Михаил Митровски Дејвид Илиевски Анамарија Златановска Константин Митовски | Лариса Жулина-Митовски Дејан Ангеловски Марина Станишковска Пешовска Марјан Бошковски | 16 мај | Училишен натпревар „Убаво пишување на нотен текст“ | **Трета награда** |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Природни науки | Петар Стаменковски (VI одд.) | Светлана Младеновска | 18 мај | Државен натпревар по природни науки | **Втора награда** |
| Природни науки | Петар Вучковски (IV одд.) | Јагода Ангеловска | 18 мај | Државен натпревар по природни науки | **Благодарница за учество** |
| Македонски јазик | Глорија Стојмировска (VII-2) | Јасна Ѓеорѓиевска | 31 мај | Државен натпревар | **Трета награда** |
| Македонски јазик | Петар Стаменковски (VI-4) | Јасна Ѓеорѓиевска | 31 мај | Државен натпревар | **Благодарница за учество** |
| Училишен оркестар | Членовите на училишниот оркестар | Лариса Жулина-Митовски | 1 јуни | Меѓународен натпревар по пијано Art In во Кавадарци. | **Прва награда** |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето промовира мултикултурализам/интеркултурализам на тој начин што води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата, ги поттикнува учениците да учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. За таа цел, нашето училиште вклучува активности и содржини кои промовираат почитување на културната различност и интеракција меѓу учениците коишто се припадници на различни етнички заедници и учат на ист јазик или на различни наставни јазици (со учениците од партнер училиштето). Мултикултурноста/интеркултурноста нашето училиште ја обезбедува на различни начини. Еден начин е преку внесување мултикултурни содржини, кои ги промовираат културните карактеристики на сите етнички/религиски заедници кои живеат во нашата земја и/или укажуваат на интеракцијата меѓу припадниците на овие заедници, и вакви содржини се присутни во наставните програми за сите предмети, секогаш кога е тоа можно. А друг начин е преку организирање заеднички наставни и воннаставни активности со „мешани“ групи ученици кои учат на различни наставни јазици, односно со нашето партнер училиште „Јероним Де Рада“ од с.Черкези, Куманово.

Во оваа учебна година се реализираа само самостојни МИО и МИМО активности од проектот за меѓуетничка интеграција, значи само меѓу ученици од нашето училиште, без можност за реализирање на активности со партнер училиштето. Во прилог е Извештај од реализираните активности.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Работата на проекти и организирањето активности за вклучување на сите ученици овозможува да се создаде чувство на припадност кај секој ученик, поддршка на професионалниот развој на наставниците, соработка, почитување на различностите и обезбедување поддршка при учењето, наставниците и учениците меѓусебно можат да споделуваат искуства и знаења, а воедно училиштето станува поинклузивно и ја унапредува целокупната воспитно-образовна работа.

**Проект: Интеграција на еколошката едукација во образованието**

Содржините и активностите предвидени со програмата на проектот за “ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ “ во текот на оваа учебна година се реализираа во целост. На почетокот на првото полугодие најпрво беше изготвена Програма за работа и усвоен Акционен план на активности според дадените еко стандарди и одбраните точки на акција. Сите наставници од одделенска и предметна настава ги интегрираа планираните содржини во годишните програми за работа согласно дадените стандарди и избраните точки на акција во училиштето од темите: вода, енергија, уреден двор, отпад, транспорт. Во месец септември училишниот еко-одбор беше проширен со нови членови од редот на учениците со што се допринесе за поуспешна работа и реализација на планираните активности. Еко одборот редовно одржуваше состаноци за кординирање на активностите и случувањата во училиштето, особено со учениците кои членуваа во него кои правеа известувања за останатите ученици за собирните акции на материјали за рециклирање како пластични шишиња, електронски отпад и батерии и за други случувања. Во текот на оваа учебна година беа направени неколку реконструкции и мали поправки за подобрување на материјално техничките услови за работа во училиштето кои воедно влијаат и на подобрување на животната средина и хигиена за работа во училиштето. Исто така, формирани се еко патроли од учениците од I до V одделение кои водат евиденција за чистотата на училниците и училишниот двор. Еко-кодексот е истакнат на видно место во училиштето и се укажува на тоа дека треба да се почитува во целост. Еко-одборот во спроведување на своите активности применува и еко-календар за одбележување на значајни еко-датуми.

**Во текот на учебната 2024/2025 година беа одбележани следниве еко датуми со соодветни активности:**

| **Содржина** | **Време на реализација** | **Задолжени лица** | **Паралелки вклучени** |
|---|---|---|---|
| Меѓународен ден без автомобили | 22 Септември | Еко одбро, наставници по Техничко образоване и ученици | 6-9 одд. |
| Светски ден на чисти планини | 26 Септември | Еко одбор при училиштето, наставници и ученици | Сите ученици |
| Еколошка акција-Светски ден за заштита на | 4 Октомври | Еко одбор при училиштето, наставници | Сите ученици |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oоujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

| | | | |
|---|---|---|---|
| животните | | и ученици | |
| Меѓународен ден на пешачење | 16 Октомври | Еко одбор при училиштето, наставници и ученици | 6-9 одд. |
| Меѓународен ден на храната | 16 Октомври | Еко одбор при училиштето, наставници и ученици | 6-9 одд. |
| Еколошка акција-Меѓународен ден на биодиверзитетот (биолошка разновидност) | 29 Декември | Еко одбор при училиштето, наставници и ученици | 6-9 одд. |
| Светскиот ден на ластовичките | 19 Март | Наставници и ученици | 1-5 одд. |
| Денот на пролетта и екологијата | 21 Март | Еко одбор при училиштето, наставници и ученици | Сите ученици |
| Денот на планетата Земја | 22 Април | Еко одбор при училиштето, наставници и ученици | Сите ученици |

**Проект - „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**

Од декември 2014 годнина, нашето училиште започна со реализација на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ кој е дел од програмата за работа на Владата на кој единствена цел и фокус се учениците, нивното правилно насочување и придонес кон социо-културолошкиот развој, преку факултативна интеракција и дружење со родителите и наставниците. Проектот овозможува зајакнување на врската родител-ученик-наставник, што пак значи јакнење на воспитната компонента преку заеднички активности во училиштето, односно преку организирање спортски, културни, забавни и едукативни активности. Па, за таа цел нашето училиште предвидува активности кои ќе се организираат во вид на отворени денови во работната недела исполнети со соодветни активности, како на пример организирање спортски натпревари меѓу екипи составени од ученици, родители и



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

наставници, како и мешани екипи, организирање музички настани, еколошки денови, заеднички излет на родителите, наставниците и учениците во некое околно место на училиштето, организирање базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии и слично. Во текот на оваа учебна година, реализирани активности во таа насока се следниве:

- 1 (2) Септември – Добредојдовте првачиња
- 8 Септември - Одбележување на државниот празник 8 Септември – Денот на независноста
- Посета на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка
- 26 Септември – Европски ден на јазиците
- 7-13 Октомври - ДЕТСКА НЕДЕЛА 2024
- Новогодишен базар
- Предпразнично со музика – одржани Новогодишни концерти во градинката „Детелинка“
- Новогодишен концерт во Europe House Крива Паланка
- Учество во Кампања „Читаме гласно – говориме јасно”
- Франкофонска вечер во Крива Паланка под мотото "Францускиот јазик ги отвора вратите ширум светот"
- Национална франкофонска вечер во Делчево
- ОДРЖАНА ОБУКА ЗА НАСТАВНИЦИ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ „МЛАДИТЕ РАЗМИСЛУВААТ“
- Учество во проектот: Учител-професија која ги создава сите други професии
- Спортски ден по повод Патрон празникот на нашето училиште
- Реализирана програма за професионална ориентација на учениците од деветто одделение за учебната 2024-2025 година во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка
- Летување за деца 2025 преку училишниот спортски клуб
- Франкофонски камп за младите франкофони од ООУ ” Свети Јоаким Крчовски ” – Крива Паланка

**Употреба на ИКТ во наставата**

Континуираното осовременување на настава им овозможува на учениците пристап до најновите информации, податоци и им овозможува самостојно или групно истражување со цел добиените информации да им останат како трајни знаења. Секоја училница е опремена со СМАРТ табла, лаптоп и проектор што овозможува зголемена застапеност и употреба на информатичко-компјутерската технологија во реализација на наставата.

Исто така, опременоста на училиштето со современа технологија овозможува поголем анганжман на веб страната и блогот на училиштето, со цел информирање, размена на искуства, унапредување на воспитно-образовните содржини и друго, помеѓу наставниците,


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

учениците и нивните родители, како и размена на искуства со други училишта и институции од областа на образованието, во нашата држава и надвор од неа. Информирање и размена на линкови за одредени наставни содржини и активности во рамки на воспитно-образовниот процес во училиштето, во рамки на стручни активи по предмети, заедно со стручната служба во учиилштето. Сето тоа овозможува брз и лесен пристап до информации, поголема соработка и секако афирмација на училиштето.

- Работилница за деца по повод Светскиот ден на образованието и Денот на побезбеден интернет простор
- Одбележан Денот за побезбеден интернет

**Критичко размислување и решавање на проблеми во наставата**

Новата програма на Британскиот совет во соработка со МОН во рамки на, „Училишта на 21 век“, е подготвена да ги поддржи училиштата во Западен Балкан да воведат иновативна наставна методологија (Употреба на MICROBIT) во наставата и да им помогне на учениците да се стекнат со неопходни дигитални вештини, вештини за решавање проблеми и за критичко размислување потребни за нивното идно образование и кариера. По повикот за апликанти, кој беше отворен за сите училишта во Западен Балкан, во нашето училиште беше имплементирана оваа нова програма. Наставниците се обучни да ја применат новата програма за критичко размислување и решавање на проблеми во наставата и да кодираат со уредот MICROBIT. Стекнатите знаења ќе ги применат заедно со учениците за време на часовите и воннаставните активности. Во училиштето, исто така, во рамки на оваа програма успешно се спроведе и проект насловен како „Здрава храна- влог во иднината“. Реализирани активности како дел од овој проект се следниве:

- 2 Октомври - Работилница - “Основи на STEM роботиката за најмалите”

- Октомври - Европска недела на кодирање 2024 (EU Code week)

**Проект за антикорупциска едукација на учениците**

Во учебната година 2024/25 во нашето училиште беа реализирани следниве активности како дел од Програмата за антикорупциска едукација на учениците-Граѓанска и демократска клима во училиштето:

- Одбелжување на 9 Декември-Меѓународниот ден за борба против корупцијата преку интерактивна, едукативна работилниц. Што е морал, кое однесување е добро, а кое лошо, тоа всушност беше нивната задача и да ги проценуваат однесувањата на луѓето од секојдневниот живот, под менторство на наставничката Христина Илиевска.

**Е-Твининг во нашето училиште**

- **ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ е добитник на ознаката Е-Твининг училиште-2024-2025**

Е-Твининг е жива заедница која има вклучено во своите 14 години постоење, повеќе од 500,000 наставници кои работат во 190.000 училишта. Направени се повеќе од 70,000 проекти,кои вклучуваат повеќе од 2,000,000 ученици од цел континент. Е-Твининг – заедница на училишта во Европа и соседни партнерски земји – е акција наменета за училишта,



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

финансирана од Европската комисија во рамките на програмата Еразмус +. Вклучува наставници од 36 Европски земји и 8 соседни земји.

Училиштето „ Свети Јоаким Крчовски“ Крива Паланка активно е вклучено во е-Твининг платформата веќе десетина години. Наставниците активно работат на е-Твининг проекти и се добитници на повеќе е-Твининг награди.

Училиштето оваа година аплицираше и во конкуренција од повеќе училишта од Европа ја доби ознаката за е-Твининг училиште. Како е-Твининг училиште училиштето„ Свети Јоаким Крчовски“ ќе биде препознаено на картата на европските училишта како училиште со развиени иновативни методи, техники и ИКТ алатки во наставата.

Посебно заслуга за оваа награда имаат наставниците, учениците и директорот на училиштето, кои неуморно работат и соработуваат сé со една единствена цел- подобра и иновативна настава.

**Еразмус во нашето училиште**

Нашето училиште активно е вклучено во Еразмус проектите повеќе години. Во оваа учебна година се добиени два Еразмус проекти:

- Еколошки агропетприемачи на иднината-КА220-Главен координатор е Турција
- Еразмус олимписки игри-КА210-Главен координатор е Франција

**Еколошки агропетприемачи на иднината-КА220-Главен координатор е Турција**

Проектот е со еко тематика и е со времетраење од 2 години. Главен координатор е Турција а партнери се училишта од Македонија, Полска и Турција и невладници организаціја од Белгија, факултети од Шпанија и Турција и организација од Австрија. Прва активност во проектот беше kick off состанок со сите партнери од проектот. Состанокот се одржа на 27.2.2025 година каде наставници од нашето училиште беа во Бурса на состанок и разговараа за активностите и следните чекори на проектот.

# 15. Поддршка на учениците

## *15.1. Постигнување на учениците*

Наставниот кадар и стручната служба во училиштето континуирано работеа на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар следењето го правеше во своите индивидуални планирања и се воедначува на ниво на активи. Успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија и наставен јазик е прикажан во табелите од статистичкиот преглед дадени во прилог. Од прво до шесто одделение се вкупно 482 ученика. Од прво до трето одделение се вкупно 229 ученика, кои согласно Законот за основно образование се описно оценети. Од четврто до шесто одделение се вкупно 253 ученика, кои на крајот на учебната година, беа бројчано оценети. Од вкупно 746 ученика, од IV-IX одделение се 517 ученика од кои 390 се со одличен успех, 76 ученика се со многу добар, 46 ученика се со добар успех, 1 ученик со доволен успех, тројца ученика се неоценети и ќе полагаат одделенски испит и 1 ученик од IX одделение следеше настава по Модифицирана наставна програма кој е описно оценет. Еден ученик од прво одделение со посебни образовни потреби според насоките дадени од МКФ следеше настава од



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

дома и е описно оценет а еден ученик од осмо одделение беше на одделенски испит и успешно го положи деветото одделение.

Средниот успех на учениците од IV-IX одделение е 4.61. Овој успех е објективен и се должи на реалните критериуми за следење на учениците преку формативно оценување и пореално изведување на сумативна оценка. Споредбено со успехот од минатата учебна година (2023/2024) може да се види дека воопшто нема разлика. Минатата учебна година средниот успех на учениците бил 4,62. Во училиштето се посветува големо внимание и на редовноста на учениците на настава и дисциплината во училиштето. Во текот на учебната година направени се вкупно 15092 изостаноци од кои 14084 оправдани и 1008 се неоправдани. Оправданото отсуство се однесува на ученици кои биле болни, а најчеста причина за неоправданите изостаноци е доцнењето или отсуства на оредени ученици кои поради тоа беа упатени на одделенски испит. Просек на изостаноци по ученик е 15,84. За нередовните ученици се превземаа соодветни мерки како што се индивидуални разговори со учениците, разговори со родителите, а за недисциплината се изрекуваат педагошки мерки согласно ЗОО и Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Од вкупно 746 ученика сите се со примерно поведение. Во склоп на нашето училиште работи и Музичкото училиште во кое вкупно има 37 ученика. Средниот успех на учениците изнесува 4,59. Сите 37 ученика имаат примерно поведение. Учениците од Музичкото училиште имаат вкупно 191 изостанок од кои 180 се оправдани а 11 се неоправдани.

За подобрување на успехот кај учениците покрај помошта од наставниот кадар што ја добиваат учениците голема подршка имаат и од стручната служба во училиштето. Стручната служба континуирано и во зависност од потребите им дава подршка на учениците, ги мотивира за поголема активност за учењето, врши советувања како на ученици така и на родители, континуирано врши советодавно-консултативни разговори и нуди одредени насоки и предлози како на учениците и нивните родители така и на наставниците за подобри резултати. За увид во постигања стручната служба врши споредбени анлизи за постигањата кај учениците според класификационите периоди но и споредбени анализи на годишно ниво.

## *15.2. Професионална ориентација на учениците*

Во текот на оваа учебна година беа реализирани одредени активности со учениците од деветите одделенија согласно Годишната програма за професионална ориентација на учениците.

Во месец Април и Мај  2025 година нашето училиште беше посетено од претставници од повеќе средни училишта во нашата држава кои преку презентации и флаери ги запознаа учениците со стручните кфалификации кои  ги поседуваат како училишта. Беше извршен и разговор од страна на професорите од стручните училишта со нашите ученици и разменија различни мислења за нивната идна професија.

На ден 28.05.2025 година од страна на психолозите од училиштето со учениците од деветто одделение беше спроведен тест за утврдување на интереси кај учениците-RIASEC. Тестот беше спроведен со 34 ученика. Претходно учениците беа информирани за тестот и доброволно се пријавија за истиот.  Со пријавените ученици беше спроведен тестот и на ден 30.05.2025 г. поединечно со секој ученик се даде насока за упис во средно училиште на учениците ссогласно добиение резултати од тестот.

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Психолозите од училиштето исто така изготвија информативен материјал за информации и линкови наменети за деветите одделенија и избор на нивната идна професија. Имено, им беа дадени линкови изготвени од МОН и тоа Конкурс за запишување на ученици во јавни средни училишта за учебната 2025/2026 година, информација за електорнски упис на ученици во прва година во средно образование како и информации за сместувачки капацитети на ученичките домови низ државата. Психолозите во секоја паралелка разговараа со учениците за избор на нивната идна професија, даваа информации и насоки за избор на идната професија и им ги поделија информативните материјали и брошури и останаа отворени за соработка и помош на учениците доколку имааат потреба. Исто така, на барање на учениците, исконтактиравме со некои од средните училишта и остваривме контакти каде ги информиравме за заинтересираноста на ученици за нивното училиште. На нашите ученици им дадовме контакт телефони и лице за соработка.

### *15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација*

Согласно новите насоки од БРО и МОН на РСМ, за подобрување на безбедноста и добросостојбата и менталното здравје кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес, во нашето училиште се превземаа одредени активности кои беа реализирани во учебната 2024/2025 година. На почетокот на оваа година, откако беа дадени овие насоки од БРО и МОН, стручната служба во училиштето ги запозна наставниците со новите насоки за реализација на овие активности, потоа наставниците изготвија акциски планови (на стручните активи и на генерациско ниво) и ги доставија до стручната служба кои изготвија Акциски план на ниво на цело Училиште. Беа конкретизирани кои точно активности-работилници ќе се реализираат секој месец до крајот на учебната година. Па така, во оваа учебна година беа реализирани вкупно 323 работилници, од страна на Педагошко-психолошката служба беа реализирани преку 60 работилници со ученици од 1 до 9 одделение на оваа тема, а од страна на наставниот кадар исто така беа релизирани работилници на ова тема и тоа 263 работилници во сите генерации како во централното училиште така и во подрачните училишта кои што се во состав на нашето училиште. Во оваа учебна година се работеа различни теми со учениците: учениците во насилни ситуации, емоции, интерперсонални односи, решавање конфликти, моето тело – ова сум јас, справување со успех-неуспех, давање и примање емоции, разлики меѓу нас, давање и примање помош, реакции на омаловажување, познавање на базични човекови права, толеранција, мојата лична безбедност, одговорна употреба на мобилни телефони и социјални медиуми, моите чуства и јас, моите тажни и среќни моменти и други теми согласно Акцискиот план за оваа учебна година.

## 16. Оценување

### *16.1. Видови на оценување и календар на оценувањето*

Оценувањето на учениците се реализираше според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците беа оценети описно и бројчано според три периоди:



ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение на крајот на учебната година беа оценети со описни оценки. Со описното оценување се даде приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение на крајот на учебната година беа оценети со бројчани оценки.

Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение на крајот на учебната година исто така беа оценети со бројчани оценки.

На почетокот на учебната година наставниците изготвија План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот беше евидентиран во едневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираа во нивните тематски и процесни планирања.

Оценувањето на учениците со посебни потреби се изврши според изготвениот Индивидуален образовен план и Модифицирана програма односно според постигањата предвидени во нив. Индивидуалниот образовен план и Модифицираната програма се изработуваа според можностите и способносите на секој ученик поединечно за кое нешто се инфромирани и родителите кои воедно се и членови на Инклузивните тимови по ученик.

## 16.2. Следење, анализа и поддршка

Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците се остваруваше според Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување. Според тој правилник, предмет на оценувањето беа постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, заинтересираноста и ангажираноста на ученикот во училиштето. Современата концепција суштината на оценувањето ја согледува во контекст на евалуацијата на целокупниот воспитно-образовен процес. За вреднување на трудот на учениците беа применети сите типови на проверка на знаењата: писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови, работни листови и сл.), усмено проверување на знаењата и комбинирано. Следењето на напредувањето на учениците се следеше од Тимот за следење, анализа и поддршка. Во текот на учебната година редовно се изработуваа компаративни анализи на состојбите со оценувањето, редовноста и поведението (споредбено со извештаи station наназад).

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Самото училиште како институција ги поддржуваше наставниците во насока на квалитетно, стручно и објективно оценување на постигањата на учениците. Тимот исто така вршеше советодавно-консултативни разговори со наставниот кадар кој што има потреба, даваше одредени предлози и насоки за решавање на одредени проблеми и слично. Годишните и тематските планирања на наставниците беа доставени во планираниот рок и беше направен увид во нив, беа посетени часовите и беше направен увид во изведувањето на наставата, беше направен увид и во начинот на изведување на на вонаставните активности а беше направен и увид во водењето на педагошката евиденција и документација. Исто така во текот на месец Декември 2024 година во нашето училиште беше спреведена Интегрална еваулација за целосен увид во работата на сите чинители во Училиштето, од страна на Државниот просветен инспекторат при МОН на РСМ.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста). Еден од приоритетите во нашето училиште беше да обезбедиме што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваа на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Централното училиште е покриено и со видеокамери. Редовно се одвиваа дежурства на наставниците, според однапред направен распоред. Училиштето има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:
-Правилник за заштита од пожари, поплави и слични закани и ризици како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор
-План за заштита и спасување во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди;
-План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди;
-План за добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање како и спречување на дискриминација;
-Протокол за ненасилство и недискриминација;
-Куќен ред со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, администартивниот и раководниот кадар и помошните работници;
-Изготвен Етички кодекс на однесување за наставниците и стручните соработници, за учениците и родителите;
-Истакнат рапоредот на дежурства на наставниците на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на големиот одмор и одморите меѓу часовите, се води грижа за безбедноста на учениците;
-Истакнат План за евакуација во секоја училница и канцеларија во училиштето;
-Реализирана е обука „Заштита при работа“, за сите вработени во училиштето.

Во училиштето, во текот на учебната година се водеше грижа за зачувување на здравјето на учениците и се преземаа мерки за негово подобрување. Програмата за заштита на здравјето на учениците се темели на законските прописи кои се одредени од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, сознанијата за развојните карактеристики на училишната возраст и психолошка, здравствена и физичка состојба на учениците. Грижата за здравјето на учениците се реализираше преку следните активности:
- редовни систематски прегледи и имунизација на учениците, во соработка со ЈЗУ Здравствен дом- Крива Паланка,
- одржување на личната хигиена преку интеракција наставник-ученик и ученик-ученик,
- унапредување на здравјето преку редовна физичка активност,
- организирање на спортски натпревари од страна на училиштето и општината за подобрување на здравјето на учениците,
- редовно одржување на хигиената на училиштето и училишниот двор како простории каде учениците го поминуваат најголемиот дел од денот,
-одржување на предавања, презентации и активности на разни теми за зачувување на здравјето кај учениците,
-предавања и работилници за заштита на менталното здравје кај учениците на различни теми и содржини.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- при запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бараше и потврда за редовни стоматолошки прегледи за детето како услов за запишување, вакцини и офтамолошки прегледи.
-вработените во училиштето беа на систематски и санитарен преглед.
.

Во соработка со ЈЗУ Здравствен дом- Крива Паланка, во текот на учебната 2024/2025 година се спроведат систематски прегледи, стоматолошки преглед и вакцинација на учениците.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржуваше редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат средства за чистење и дезинфекција. За одржувањена хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал. Преку редовни училишни еко-акции, предавања, работилници и сл., се поттикнуваше свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се вршеше редовно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

## 18.2. Систематски прегледи

Училиштето соработува со Здравствен дом-Крива Паланка заради спроведување на здравствена заштита на учениците, спроведување на редовните систематски лекарски прегледи, согласно со закон. Училиштето задолжително го информираше родителите/старателите на учениците за спроведувањето на редовните систематски и стоматолошки прегледи, кои беа реализирани без да се попречува наставата и во придружба на родителите. Систематските прегледи ги опфаќаа учениците од I, III, V и VII одделение, а стоматолошките прегледи ги опфаќаа учениците од I, IV, V, VI, VII одделение.

Спроведени се и задолжителените санитарни и систематски преглед на вработените во училиштето.

## 18.3. Вакцинирање

Согласно прграмата за задолжителна имунизација на учениците(службен весник бр.177) ученици од I, III, V, VII и IX одд. подлежат на вакцинација и беше спроведена според предвиденот календар.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во текот на учебната година, во училиштето континуирано се реализираше едукација и активности за здрава храна, преку редовни наставни содржини, како и преку соработка со стручни лица во вид на предавања и работилници.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

Дисциплината во нашето училиште во текот на учебната 2024/2025 година беше високо ниво благодарение на целосната посветеност на сите вработени, редовните дежурства на наставниците и учениците, видео надзорот, редовната едукација и соработка со учениците и родителите и примената на интерни механизми за нарушување на редот и дисциплината во училиштето. Во случаи кога имаше потреба соработувавме и со други надлежни институции кои преку едукации, сл. допринесоа за подобрување на дисциплината во нашето училиште.

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето се почитуваше Куќниот ред, кој стои на видно место во училишниот хол, се почитуваа и правилниците и кодексите за однесување, кои исто така стојат на видно место во училиштето. Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците, согласно етичкиот кодекс на однесување на сите субјекти. Односно, училишниот кодекс се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваа позитивната училишна клима и атмосфера која делуваше поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижеа за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Се почитуваше распоредот за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се водеше секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Училиштето преземаше мерки за подобрување на однесувањето на учениците и вработените во насока на превенција на насилното однесување во училиштето и во однос на тоа, училиштето ги спроведе следните активности:

-организирани се дежурства од страна на наставниците во училишните холови и училишниот двор;

-беа формирани тимови на наставници, ученици и претставник од родители за превенција на насилното однесување во училиштето кои покрај другото пополнуваа месечни прашалници за безбедноста, а психолозите правеа анализи на истите и по потреба разговараа со тимовите и се организираа и разни активности (согласно добиените резултати).

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Училиштето ги исполнува условите за изведување на наставата според одредени нормативи. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работата на наставниот кадар и за организирање вonнаставните активности на учениците. Се вложува во обезбедување на пријатен простор каде учениците ќе се чувствуваат пријатно и во самата училница ќе се поттикнува чувството дека секој ученик е дел од паралелката и училиштето и можност да се напредува и креативно да се размислува.

Во естетското уредување на просторот се вклучени наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и техничкиот персонал како поддршка.

Особено се водеше сметка за:

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

-Создавање и одржување на училишната иконографија соодветна на мултикултурализомот и меѓуетничката интеграција;
- Истакнување на трудови од учениците при што ќе се внимаваше да нема дискриминација по било која основа;
-Поместување на информативни паноа на соодветни места во училиштето со што се придонесе за поголема информираност на родителите;
-Инклузивни училници – адаптација на училниците според индивидуалните потреби на учениците.

### 19.3. Етички кодекси

Училиштето има донесено етички кодекси за однесување на ученици, родители и вработени. Етичките кодекси се разгледани и усвоени од Ученичкиот парламент, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. На почетокот на учебната година, на одделенските часови учениците се запознаваат и се потсетија за Кодексите на однесување. Родителите беа запознаени со Кодексот на однесување на родителските средби, додека наставниците на Наставничките совети. По потреба, Етичките кодекси се менуваат и промените се разгледуваат и прифаќаат од Ученичкиот парламент, Наставничкиот совет и Советот на родители, со цел да се надминат критичните точки во комуникацијата. Со почетокот на првото полугодие следуваше и една мала измена во Кодексот која се однесуваше на учениците за задолжително носење на ученичките униформи, која стапи на сила од месец октомври, односно откако учениците ги добија ученичките униформи.

Сите Етички кодекси се истакнати на видно место во Училиштето и се објавени на веб-страната на училиштето.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, остваруваа формални и неформални средби. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето се организираа заеднички прослави и сл. Во училиштето постои соработка и корелативни врски меѓу сите постоечки структури (раководен орган, стручни соработници, стручни активи, училишен одбор, совет на родители, технички персонал, и др.) Училиштето водеше политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постоеше професионална соработка меѓу вработените и ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот.

Потребите на наставниците за професионален развој се утврдија на првите состаноци на стручните активи во месец септември. Во функција на професионалниот развој на наставниците се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

Секој наставник на ниво на актив ги изнесуваше личните потреби за професионален развој. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од стручни соработници и претседатели на активи кои редовно меѓусебно комуницираат и го следат напредокот на наставниот кадар и стручните соработници.

## 20.2. Активности за професионален развој

Во текот на учебната година сите понудени обуки од акредитирани институции редовно се доставуваа до наставниците и стручните соработници за кои се наменети, истите се разгледуваа и зависно од можностите се посетуваа. После учеството на обуки, учесниците во зависност од насоките и потребата држеа дисеминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност се изготвуваа и извештаи. За својот професионален развој наставниците водат професионално досие и професионално портфолио, а на крајот на учебната година изработија извештај за реализацијата.

Наставниците постојано превземаа активности за својот професионален развој. Тие на почетокот на учебната година испланираа различни активности за својот професионален развој кои се реализираа преку организирање на обуки, семинари, работилници за кои имаат потреба наставниците и стручните соработници и изготвија акциони планови за истите. Обуките кои ги посетија наставниците и стручните соработници во текот на целата учебна година а во рамките на нивниот професионален развој се претставени во прилог бр.13.

## 20.3. Личен професионален развој

Наставниците и стручните соработници за лично професионално усовршување изготвија Личен план за професионален развој заради зајакнување на сопствените професионални компетенции, а врз основа на сопствена самоевалуација, резултатите од интегралната евалуација и од согледувањата од посетите од страна на директорот и советниците од БРО. Личните планови оваа учебна година беа предаени до 10 септември до Тимот за професионален развој. Тимот за професионален развој изврши увид во истите. Врз основа на новите лични планови тимот за професионален развој ги определи приоритетите за работа и ги испланира во планот за професионален развој на ниво на училиште. Исто така наставниците и стручните соработници до 30 јуни изготвија Реалаизација на личниот план за професионален развој за учебната 2024/2025 година.

## 20.4. Хоризонтално учење

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваа со другите наставници. Тоа искуство се разменуваше и споделуваше со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој,



ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

училиштето подготви акциски планови во кои беа наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

## *20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Училиштето ги почитува законските одредби за поддршка на наставниците-приправници (Закон за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници, Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот, Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците). Откако во училиштето ќе се вработи наставник-приправник, истиот се воведува во работата на училиштето од страна на Директорот и стручните соработници. Потоа со истиот работи наставникот- ментор. Менторот има задача да подготви програма за работа со приправникот и истата ја доставува до архива, директорот и до приправникот. Во програмата се детално опфатени подрачјата и активностите кои за време на приправничкиот стаж треба да бидат реализирани. Работата на менторот и приправникот континуирано ја следи директорот. Менторот на крај од приправничкиот стаж дава мислење за работата на приправникот. Мислење за приправникот дава и Наставничкиот совет. Кога се исполнети сите услови, приправникот полага стручен испит, со што напредува во звање наставник/стручен соработник.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Образовната политика на училиштето е фокусирана на обезбедување на висок степен на соработка, учество на родителите во одлуките кои се донесуваат, а се однесуваат на воспитанието и образованието на децата/учениците.

## *21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

**Соработка со родителите**

Соработката со родителите во текот на учебната година се одвиваше преку организирани родителски средби, индивидуални советодавни разговори и советување на родителите.
Одржани се повеќе родителски средби, на кои се разгледуваа прашања од воспитно-образовната дејност во Училиштето:
- успехот на учениците, редовноста и дисциплината;
- информирање за наставните планови и програми и оценувањето на учениците;
- услови за работа и грижа за нивно подобрување;
- материјално-техничко опремување на Училиштето и сл.;
- педагошки предавања за родителите;
- соработка со родител во улога на наставник;
- индивидуални, советодавно-консултативни разговори со родителите;
- превентивни разговори за безбедност во сообраќајот.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Соработката меѓу учениците, наставниците, стручните соработници и родителите се одвиваше низ толеранција, солидарност и почитување на индивидуалноста и интегритетот на личноста. Училиштето практикува професионално ниво на соработка со родителите.

**Организираност на родителите**

Советот на родители го сочинуваат родители на учениците од паралелки и одделенија. Советот работеше според Правилникот за работа и ги разгледува прашањата од областа на воспитно-образовната работа на Училиштето. Училиштето, во соработка со Советот на родители, реализираше активности според Годишната програма за работа.

## *21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности*

Родителите даваа мислења и сугестии за дополнување и изменување на секаков вид планирања, постојано се информираа за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, Директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Даваа поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во учењето и посебно ги поддржуваа соработките за напредување на учениците-таленти. Родителите се вклучени и партиципираат во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, на родителските состаноци, преку совет на родители, училишна заедница, училишен одбор.

## *21.3. Едукација на родителите/старателите*

Согласно Законот за основно образование на РСМ, во текот на оваа учебна 2024/2025 година во нашето училиште се спроведоа одреден број на советувања како за родители, така и за ученици кои истовремено имаат негативна оценка по три или повеќе предмети, имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци, ученикот го навредил наставникот, учествува во различни форми на насилство, ученикот предвреме го напуштил образованието. Исто така, советувањето се реализираше согласно неделен и месечен план за советување на годишно ниво, изготвен од психолозите. Понекогаш има и мали отстапки во однос на неделен план за советување, согласно можностите на родителите.

Во текот на оваа учебна година беа реализирани преку 28 советувања со родители, 34 советувања со ученици а беа извршени и преку 240 советодавно-консултативни разговори со родители, ученици, наставници и други лица(кои се засегнати со оваа проблематика). Сите овие реализирани работилници за советување имаа ефект затоа што има и подобрување кај учениците ( намален број на негативни оценки или воопшто немаат негативни оценки, а и во однос на несоодветно однесување можеме да зебележиме дека има подобрување). Работилниците се состоеа од неколку средби по ученик, како и по неколку средби со родител. Се работеше според програма за советување на родители и програма за советување на ученици дадени од Министерство за образование и наука на РСМ. Училиштето редовно ги известуваше и едуцираше родителите преку презентации на училишниот блог, соопштенија, брошури и флаери.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Многу често психолозите имаа соработка со други лица (образовен медијатор, претставници од невладини организации и други) за поуспешно справување со предизвиците кај учениците.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето не е изолирано од неговото опкружување, па затоа постојано учествува во активностите на локалната заедница. Училиштето ги отсликува културните вредности на локалната заедница, тие се видливи и се дел од училиштето. Училиштето постојано ги унапредуваше организициските вештини, да го препознае локалниот контекст во кој се наоѓа училиштето и да се промовира на тој начин.

- Локална заедница(локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Соработката со локалната заедница во текот на целата учебна година се реализираше преку повеќе форми на соработка при што сите предвидени активности од страна на истата ние како училиште секогаш ги реализиравме.

- Институции одобласта на културата

Учениците и наставниците активно учествуваа на сите конкурси и покани за натпревари. Учениците од одделенска и предметна настава зедоа учество на многу ликовни и литературни изложби, направија посета на градскиот музеј, го посетија детскиот музички фестивал Распеано симитче, а беа посетени и голем број на споменици и установи поврзани со содржините на наставата.

- Институции одобласта на образованието

• БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл.;
• Детската градинки;
• Основното училиште од општината заради размена на информации и искуства и взаемна помош во работата;
• Средното училиште од градот
• Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.
- Невладини организации
- Спортски друштва
- Здравствени организации
- Медиуми(со цел промоција на училиштето)

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен и истиот е достапен на веб страната на училиштето web: https://joakimkrcovski.edu.mk/ и училишниот блог https://ooujoakimkrchovski.home.blog .

Дел од соработките остварени во текот на учебната 2024/2025 година:

- **1 (2) Септември – Добредојдовте првачиња**

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- **Одбележување на државниот празник 8 Септември – Денот на независноста**
- **Донацијата од Europ'Raid од Франција во рацете на младите франкофони од ООУ “Свети Јоаким Крчовски” – Крива Паланка**
- **Посета на метеоролошката станица**
- **Посета на Собрание на Република Северна Македонија**
- **Организирана посета на детскиот музички фестивал Распеано симитче со учениците од I до V одделение**
- **Новогодишен базар**
- **Предпразнично со музика–одржани Новогодишни концерти во градинката „Детелинка“**
- **Новогодишен концерт во Europe House Крива Паланка**
- **Франкофонска вечер во Крива Паланка под мотото "Францускиот јазик ги отвора вратите ширум светот"**
- **Презентации од средни училишта за учениците од деветто одделение**
- **Национална франкофонска вечер во Свети Николе**
- **Посета на Националната опера и балет**
- **Јавен повик за бесплатно летување за деца од 7 до 14 години во организација на Општина Крива Паланка**

## 23.Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

Имплементацијата и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето се следеше од страна на директорот, помошник директор, стручни соработници во училиштето и државниот просветен инспекторат. Од приоритетните подрачја за следење, кои беа планирани во Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година, беа реализирани во целост.

## 24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година беа испланирани активности со цел подобрување на воспитно-образовната настава во училиштето. Сите активности кои што се реализирани во текот на оваа учебна година се дел од Годишниот извештај на училиштето.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# 25. Заклучок

Како училиште секогаш се стремиме успешно да го поттикнеме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, да го негуваме меѓусебното разбирање и почитување, да ја негуваме и развиваме инклузивноста, да ја развиваме одговорноста и потребата од постојано надоградување. Нашето училиште секогаш го поддржува професионалниот развој на наставниците при што ја зголемува ефективноста на воспитно-образовниот процес. Секогаш се стремиме на учениците да им овозможиме квалитетни и трајни знаење кои ќе допринесат за нивниот личен развој во понатамошното образование. Ја негуваме и поттикнуваме заедничката соработка меѓу учениците, родителите и наставниците со која се допринесува за развивање на меѓусебна доверба и почит. За сите одлуки кои се носат за воспитно-образовниот процес на учениците секогаш навремено се информираат и родителите преку Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставниците, преку Стручната служба на училиштето, web страната и блогот на училиштето. Нашето училиште е вклучено во голем број на проекти при што несебична поддршка добива од родителите, учениците, наставниците и општината, а придобивките се со цел за подобрување, односно воведување на новитети во воспитно-образовниот процес.

ООУ „Свети Јоаким Крчовски

**Годишниот извештај за работата на Училиштето за учебната 2024/2025 година е изработен од Комисија во состав:**

1.Викторија Груевска-психолог

2.Христина Илиевска-наставник

3.Лариса Жулина Митовски-наставник ментор

**Статистичкиот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година е изработен од комисија во состав:**

1.Марина Јакимовска Митовска-психолог

2.Тони Јакимовски-наставник

3.Тони Велковски-наставник

4.Светлана Ристовска -наставник

5. Игор Велиновски-наставник

Директор,

Анета Стојковска

Претседател на Училишен одбор,

Лидија Младеновска

Август, 2025 година

Крива Паланка

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oounjoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

# ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

1. Годишен извештај за работата на директорот
2. Годишен извештај за работата на помошник директор
3. Годишен извештај за работа на педагогот
4. Годишен извештај за работата на психологот
5. Годишен извештај за работата на Училишниот одбор
6. Годишен извештај за работата на Советот на родители
7. Годишен извештај за работата на Наставничкиот совет
8. Годишен извештај за работата на стручните активи
   - Стручен актив на одделенски наставници
   - Стручен актив на предметни наставници
9. Годишен извештај за работата на одделенските совети
10. Годишен извештај за работата на МИО
11. Годишен извештај за работата на училишниот инклузивен тим
12. Годишен извештај за работата на хорот и оркестарот
13. Годишен извештај за работата на тимот за професионален развој
14. Годишен извештај за работата на Заедницата на паралелката
15. Годишен извештај за работата на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител
16. Распоред на дежурни наставници
17. Детален статистички извештај

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## Годишен извештај за РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Реализатор: Анета Стојковска

Во учебната 2024/2025 год. Директорот, во согласност со својата програма за работа, ги реализираше предвидените активности. Примарна компонента во целокупната програма за работа е неговата однапред конципирана активност во организирањето, координирањето и раководењето со работата на сите субјекти кои ги остваруваат посебните програми за работа во рамките на Годишната програма за работа на училиштето (програмите за работа на Наставничкиот совет, Одделенските совети, стручните активи, педагошко-психолошката служба и др.), како и активна партиципација во сите зацртани подрачја.

**1.ВОДСТВО**

*-стратешко водство*
*-училишна клима и култура*
*-соработка со родителите и заедницата*

- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законитото работење;
- соработува со колективот и работи на операционализирање на визијата во цели и оперативни планови во насока на реализација на мисијата;
- влијае вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко;
- прифаќање и почитување на сите вработени во училиштето;
- формира тимови;
- обезбедува ресурси;
- воспоставува механизми за подршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања;
- поттикнува атмосфера во училиштето со која гради позитивна клима;
- воспостувавува систем што обезбадува сите ученици да се чуствуваат безбедни и прифатени во училиштето вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби;
- ги промовира вредностите на училиштето пред родителите, вработените во училиштето, учениците и пред други надворешни институции;
- обезбедува култура на транспарентност и одговорност;
- воспоствува добра хоризонталана и вертикалана соработка (во активите, помегу активите, како и меѓу други тела);
- подржува реализација на програми, ученички организации, секции, програми што се работат во училиштето;
- обезбедува услови за реализација на активности од различни области: мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија, безбедни училишта, грижа за здравјето на учениците;
- учествува во планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците;
- соработува со локлната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат и училиштето и локалната заедница;
- соработува со институции надлежни за образовниетo (МОН, БРО, ДПИ и др.);
- соработува и со други воспитно-образовни институции во и надвор од државата;
- соработува со Совет на родители;
- ги известува родителите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците и др.;



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

**2.РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
*-комуникација и односи со јавноста*
*-унапредување на меѓучовечки односи*
*-професионален и кариерен развој*
*-обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање*

- континуирано соработува со вработените;
- воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето и средината;
- создава и одржува позитивни односи со родителите, вработените и учениците;
- комуникација и односи со јавноста;
- активно ги слуша и почитува ставовите, интересите и мислењата на другите;
- планира состаноци, навремено ги информира учесниците на состаноците, ги зема предви мислењата на останатите;
- има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето;
- ги поттикнува вработените да се вклучат во различни активности за промоција на училиштето;
- унапредување на меѓучовечки односи;
- употребува јасен приод за развој на меѓучовечки односи и надминување на конфликтите;
- води грижа за интерсите на вработените при распределба на работните ангажмани;
- води отворени разговори, совети и конструктивни со вработените за различни предлози;
- Создава клима и култура кои го подржуваат вклучувањето на вработените во донесување одлуки, креирање промени, поставување и реализирање на различни цели и др.;
- следи стручна литература и информации што е од значење за образованието и воспитанието;
- ги имплементира промените и новините во системот на образованието;
- воспоставува систем за интерно стручно усовршување на вработените;
- врши избор на наставнци, стручни соработници, воспитувачи и друг административно технички кадар согласно Законот и актите на училиштето, ги распоредува и одлучува за престанок на работен однос на истите согласно Законот и колективниот договор;
- организира менторство за приправници;
- ги презентира годишните и развојните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница;
- го планира потребниот персонал во соработка со одговорните институции;
- го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми и различни проекти;
- фомира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето;
- обезбедува размена на добри практити на иновативна настава во рамки на училиштето и со други училишта вклучувајќи и користење на современа образовна технологија;
- обезбедува потребни дидактички средства, работни материјали, инструменти и друг работен материјал;...

**3.ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО**
*-планирање*
*-подршка на наставата и учењето*



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

*-обезбедување квалитет(еваулација, самоеваулација и развој)*
*-создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот*

- вклучува предлози на вработените во планирањето на работата на училиштето;
- го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми и различни проекти;
- изработува годишни оперативни и неделни планови за сопствената работа;
- фомира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето;
- презентира годишните и развојните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница;
- воспоставува процедури за планирање на наставата и на воннаставните активности;
- подршка на наставата и учењето;
- дава подршка на наставниците при планирањето, ги анлизира сознанијата од следењето на различни аспекти од наставата и изготвува извештаи и дава предлози за подобрување;
- обезбедува услови за реализација за наставни и воннаставни активности;
- изработува и користи инструменти за следење на наставата;
- следи наставни часови и дава повратни информации;
- обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој;...

## 4.ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ

-*раководење со финансиските ресурси*
*-раководење со материјалните ресурси*

- раководење со финансиските ресурси;
- пронаоѓа можни извори на дополнително финансирање и превзема активности за обезбедување на дополнителни средства за училиштето;
- континуирано следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет на училиштето во целина;
- буџетот го користи наменски, за различни цели фокусирајќи се за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина;
- обезбедува донесување на буџетот согласно предвидените процедури;
- развива механизми што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства од различни фондови;
- постапките за финансиско работење што ги спроведува се во согласност со законските акти;
- ги информира органите и телата во училиштето за трошењето на финансиските средства;
- јавните набавки ги врши согласно законот;
- континуирано врши следење на постапките за јавни набавки;
- континиурано ги следи измените во регулативата за јавните набавки;

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132


ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршната сметка;
- континуирано ја следи законитоста во финансиското работење;...

## 5.ЗАКОНСКО И АДМИНИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

*-примена на законски и подзаконски акти*
*-изработка и примена на интерни акти и документација*
*-раководење со административни процеси*
*-примена на информациските системи во училиштето*

- примена на законски и подзаконски акти;
- обезбедува примена на законската регулатива во училиштето;
- воспоставува систем на информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантните законски прописи;
- изработка и примена на интерни акти и документација;
- организира и учествува во работата на тимови за изработка на интерни акти;
- носи интерни акти во негова надлежност;
- утврдува дека интерните акти донесени од соодветните органи и тела се во согласност со релевантната законска регулатива;
- ги промовира интерните акти и документи пред училишните органи и тела и обезбедува да бидата достапни за сите заинтересирани страни;
- обезбедува доследно спроведување на интерните акти;
- спроведува одлуки донесени од Училишниот одбор;
- донесува систематизација на работните места во училиштето;
- покренува постапка за дисциплинска одговорност;
- раководење со административни процеси;
- обезбедува формирање и континуирано и непречено функционирање на стручните органи и тела и учествува во нивната работа;
- ја организира и следи работата на вработените и обезбедува соодветни услови;
- доделува задачи на вработените, обезбедува почитување на рокови и непосредно раководење со процесот;
- воспоставува добро организиран систем за административна работа согласно соодветната законска регулатива и индикаторите за квалитет на работа на училиштето што е добро организира и лесно достапен;
- примена на информациските системи во училиштето;
- обезбедува вработените да се обучени и информирани за навремено, целосно и точно водење на електронските бази на податоци;
- обезбедува услови за развој и функционирање на информациските системи;
- обезбедува услови за вработените закористење на современите информациско-комуникациски технологии;
- учествува во изработка и донесување на интерни акти за одржување и правилно користење на информациско–комуникациска опрема;
- користи информациски систем во секојдневната работа.

Директор: Анета Стојковска

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

## Годишен извештај за РАБОТА НА ПОМОШНИК ДИРЕКТОР

Реализатор: Биљана Пешовска

Во учебната 2024/2025 год. Помошник директорот, во согласност со својата програма за работа, ги реализираше предвидените активности. Според законската регулатива, помошник директорот врши раководни и педагошки работи во училиштето. Во соработка со Директорот на училиштето, стручните соработници, наставниците, административните службеници, родители, ученици, помошник директорот своите работни обврски ги реализира. Тој остварува континуирана соработка со сите структури кои делуваат во училиштето.

Табеларен приказ за работата на помошник директорот

| Ред, бр. | Содржина | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување Годишна програма за работа на училиштето | Јуни-август | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 2. | Учествува во изготвување на информативна брошура за работата на училиштето за следната учебна година | август | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители<br>Административни службеници и сите чинители вклучени во училиштето |
| 3. | Учествува во изготвување на<br>распореди за следната учебна година | Август<br>Тековно по потреба | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 4. | Изготвување Годишна програма за работа на помошник директорот | Август | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 5. | Следење на водењето на педагошката евиденција и документација | Во континуитет<br>Јуни | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 6. | Се вклучува во организација и релаизација на различни активности (превентивни, хуманитарни, културни) во соработка со локалната заедница | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Најавена посета на наставни часови со цел следење на реализација на наставата | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |

Покрај наведените активности во табелата, помошник директорот во континуитет ги реализира и следниве активности и се дел од секојдневното негово делување:

- Прифаќање и почитување на сите вработени во училиштето;
- Соработува со сите вработени;
- Поттикнува атмосфера во училиштето со која гради позитивна клима;
- Воспоставува механизми за подршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања;
- Создава и одржува позитивни односи со родителите, вработените и учениците;
- Воспостувавува систем што обезбадува сите ученици да се чуствуваат безбедни и прифатени во училиштето вклучувајки ги и учениците со посебни образовни потреби;
- Активно ги слуша и почитува ставовите, интересите и мислењата на другите;
- Воспоствува добра хоризонталана и вертикалана соработка (во активите, помегу активите, ако и меѓу други тела);
- Подржува реализација на програми, ученички организации, секции, програми што се работат во училиштето;
- Користи приспособен начин на комуникација за да ги надмине недоразбирањата;
- Има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето;
- Ги поттикнува вработените да се вклучат во различни активности за промоција на училиштето;
- Секогаш е отворен за разговори, совети и конструктивни предлози со вработените;
- Работи транспарентно и се залага за правична распределба на ресурси и можности за прифесионален развој;
- Вклучува предлози на вработените во планирањето на работата на училиштето;
- Поттикнати дискусии со наставници во функција на процена и самопроцена на квалитетот на наставата и воннаставните активности со поддршка и поттикнување на искуствено учење;
- Фомира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето;
- Следи наставни часови и дава повратни информации;
- Поттикнати дискусии со наставници кои реализираат активности поврзани со проекти;
- Работа со ученици кои постигнуваат високи резултати во наставата и воннаставните активности;
- Работа со ученици кои покажуваат неприлагодено однесување;
- Разговор со ученици кои постигнуваат слаби резултати / истражување на причините.

Помошник директор: Биљана Пешовска

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

# Годишен извештај за работата на Училишниот одбор

Работата на УО е во функција на создавање на услови за изведување на современа и квалитет на настава во училиштето која ќе им овозможи на учениците да се здобијат со трајни и применливи знаења и вештини, неопходни за подобро и поефикасно продолжување на своето образование во средните училишта;
Подобрување на училишната клима.

Реализирани активности согласно годишната програма за работа на УО:

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| • Разгледување и усвојување на Предлог Годишната програма за работа на училиштето во 2024/2025 година.<br>• Разгледување и усвојување на предлог Програма за ученички екскурзии<br>• Донесување на Годишната програма за работа на Училишниот одбор.<br>• Донесување одлука за објавување на оглас за прибирање напонуди за осигурување на учениците од последици од несреќен случај<br>• Предлози и мислења | Август 2024 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |
| • Информација за усвојување на Годишната програма на училиштето од основачот – Општина Крива Паланка за учебната 2024/2025 година<br>• Снабденоста на учениците со учебници и потребниот материјал за непречено следење на наставата<br>• Приоритети на училиштето за учебната 2024/2025 година – социјална инклузија на учениците<br>• Предлози и мислења | Септември 2024 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |
| • Информација за успехот, изостаноците, поведението и дисциплината во првото тромесечие од учебната 2024/2025 г.<br>• Извештај за реализирани екскурзии<br>• Информација за реализација на активностите и приоритетите на училиштето<br>• Предлози и мислења | Ноември 2024 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, Психолог |
| • Разгледување на извештаи според планот за следење на процесите на Годишната програма<br>• Предлози и мислења | Јануари 2025 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар |
| • Разгледување на годишна сметка за 2024 година и предлагање на истата за усвојување до основачот | Февруари 2025 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

| | | |
|---|---|---|
| • Разгледување и усвојување на Полугодишен извештај за работата на училиштето во првото полугодие 2024/2025 год.<br>• Разгледување за пописот на средства за 2024 година<br>• Предлози и мислења | | Книговодител, психолог |
| • Разгледување на иницијативи за патронат и екскурзии<br>• Предлози и мислења | Април 2025 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар |
| • Разгледување на прашања иницирани од Советот на родители<br>• Предлози и мислења | Мај 2025 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар |
| • Разгледување на Извештајот за работа на училиштето и негово предлагање до основачот<br>• Разгледување на Извештајот за ученички екскурзии во учебната 2024/2025 година<br>• Разгледување на Извештаи за трошењето на финансиските средства на училиштето<br>• Предлози и мислења | Јуни 2025 година | Членови на училишен одбор, директор, секретар, психолог |

**Училишен одбор,**
**при ООУ “Свети Јоаким Крчовски”- Крива Паланка**

## Годишен извештај за работата на Советот на родители

Советот на родители:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа;
- расправа за извештајот за работата на училиштето;
- дава мислење и  предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности;
- разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно-образовната работа;
- учествува во самоевалуацијата на работата и постигањата на училиштето;
- иницира испроведува активности за подобрување на валитетот на училиштето;
- учествува во оценувањето на исполнетоста  на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредувањ во звањата ментор и советник;
- избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

Реализирани активности согласно годишната програма за работа на Советот на родители:

| **Активности** | **Време на** |
|---|---|

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | реализација |
|---|---|
| Разгледување и давање мислење за предлог програмата за работа на училиштето за учебна 2024/2025 год.<br>Разгледување на програмата за ученички екскурзии за учебната 2024/25 година;<br>Расправа за извештајот за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година | август |
| Конституирање на Советот на родители и избор на раководство<br><br>Запознавање на Советот со воведување на нови проекти<br><br>Информација за промени во наставните програми | септември |
| Конкретизација на задачите и задолженијата во рамките на одредени комисии за работа на Советот во текот на учебната година (активности поврзани со Црвениот крст во организирање на хуманитарни акции за неделата на гладта);<br><br>Потикнување иницијативи за родителски патроли;<br><br>Организирање на работилници од Страна на совет на родители за „терминот-buling“ и подигање на свеста на учениците;<br><br>Имплементација на кодексите на однесување и облекување од страна на учениците; | октомври |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие за учебната 2024/2025 година;<br><br>Ставови, предлози и иницијативи од страна на родителите за подобрување на воспитно-образовната дејност и организација за работа во училиштето; | ноември |
| Дискусија и размена на мислења како до подобри резултати во воспитно-образовниот процес | декември |
| Разгледување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2024/2025 година;<br><br>Разгледување на полугодишниот извештај за успехот и дисциплината на крајот на првото полугодие;<br><br>Анализа на резултатите од примена на проектите;<br><br>Анализа на соработка на училиштето со родителите; | февруари |
| Анализа на успехот и дисциплината на учениците во третото тромесечие за учебната 2024/2025 година;<br><br>Вклученост на родителите во реализација на некои активности на училиштето;<br><br>Организирање на работилници за професионална ориентација на учениците | Април |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | |
|---|---|
| од 9 то одделение; | |
| Анализа на успехот и дисциплината на учениците за крајот на учебната 2024/2025 година;<br><br>Осврт на работата на Советот на родители на училиштето во изминатиот период;<br><br>Извештај од претседателот на Советот за работата на истиот и предлог програма за наредната учебна година. | Јуни |

Претседател на Совет на родители: Даниела Анастасовска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ „ КРИВА ПАЛАНКА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 Г.

Во текот на учебната 2024/2025 година педагогот Жаклина Христовска ги реализираше планираните активности од сопстевента Годишна програма за работа.

Учествувајќи во целокупната воспитно-образовна работа во Училиштето и следејќи ги подрачјата на работа, согласно потребите на Училиштето, беа реализирани повеќе активности. Целосна подршка им беше дадена на учениците, како и подршка на наставниците и другите вработени, за насоки и новитети кои се потребни да се реализираат во тековната учебна година, со ставен акцент на Концепцијата за основно образование.

Континуирано, педагогот ги следеше новините и упатствата дадени од МОН и БРО на СРМ. Следењето и реализацијата на наставата, како редовната, така и додатната и дополнителна настава, воннаставните и слободните изборни предмети беа приоритет, особено во првото полугодие. Имаше посети во паралелките на прво и шесто одделение за да го следи прилагодувањето на учениците при премин од предучилишно во основно обазование и од одделенска во предметна настава. Имаше реализирано и повеќе стручни консултации со претставници од други институции, со кои соработува самото училиште:ООУ„Илинден“, СОУ „Ѓорче Петров“, Ученички дом „Боро Менков“, Здравствен дом во Крива Паланка, ЈУ центар за социјални работи во Крива Паланка, Центар за култура, МВР-Отсек за превенција, локална самоуправа, Општина Крива Паланка, Дневен центар за лица со посебни потреби во Крива Паланка, Црвен крст, Училиште со ресурсен центар „Иднина“-Скопје, Комисија МКФ и други институции и организации. По потреба се вршеше посета на подрачните училишта, имаше редовни консултации со наставниците што работат во подрачните училишта во врска со учениците кои учат таму и следење на нивното напредување. Во делот на советодавно-консултативната работа имаше разговори и консултации со ученици, родители, наставници, директор, помошник директор, стручни лица за одредена актуелна проблематика и др.

Исто така, педагогот имаше континуирано присуство на состаноците на Наставнички совети, Одделенски совети, Совет на родители и сл.

Работеше на сопствено стручно усовршување.

Континуирана и секојдневна соработка има и со директорот, помошник директор, психолозите, секретарот и другите вработени во училиштето.

Исто така, педагогот и понатаму е член на Инклузивниот тим на училиштето, комисии за спроведување на програмите за Недискриминација во училиштето, Безбедни училишта, следење на навремено вакцинирање на учениците, развивање на програми и постапки како и други инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето, надоградување, соработка со родители, напредување и изрекување на педагошки



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

мерки за кршење на училишните правила и куќниот ред на основното училиште, подршка на наставниците за индивидуална работа со учениците, подршка на наставниците за водење на педагошка евиденција и документација и сл.

Педагогот е вклучен во инклузијата на учениците со посебни образовни потреби, при што следи како тече реализацијата на ИОП и Модифицирана програма за конкретни ученици. При тоа има активна соработка со наставниците, образовните асистенти и родителите на овие ученици.

Исто така по дадена насока од страна на МОН и БРО на РСМ беа реализирани работилници за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата на учениците и сите чинители во воспитно образовниот процес, од страна на педагошко-психолошката служба во Училиштето.

Во текот на учебната година беа направени посети во наставата, при што беше направен целосен увид во тоа како тече воспитно-образовниот процес во Училиштето.

Во текот на месец Декември 2024 година во нашето училиште беше спреведена Интегрална еваулација за целосен увид во работата на сите чинители во Училиштето, од страна на Државниот просветен инспекторат при МОН на РСМ.

Педагогот исто така беше член и на Тимови за подршка на ученици кои што имаат добиено педагошка мерки, при што активно се укажува и на учениците и на наставниците во пропустите што се прават од двете страни, но и за подобрувањето на однесувањето кај одредени ученици.

Педагогот зеде учество и во организација на одбележување на одредени активности во училиштето како што се:свечен прием на првачиња, одбележување на значајни светски денови, активности од програмите за ненасилство и недискриминација во училиштето, грижа за здравјето на учениците, подршка на Ученичкиот парламент и друго.

Разновидноста на активностите во текот на учебната година, беа само дел од работата на педагогот во Училиштето. Континуираното работење и соработката со сите чинители во воспитно–образовниот процес, секако ќе продолжи и во наредните улебни години.

Изготвил,
Педагог,
Жаклина Христовска

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 Г.**
**ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО**
**ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ „ КРИВА ПАЛАНКА**

Во текот на оваа учебна 2024/2025 година, психолот Марина Јакимовска Митовска ги реализираше планираните активности согласно Законот за основно образование и насоките дадени од МОН и БРО на РСМ, својата Годишна програма за работа, Оперативниот план, а реализираше и други актуелни активности кои беа дополнително произлезени во текот на оваа учебна година.

Целосна подршка им беше дадена на учениците, како и подршка на наставниците и другите вработени, за насоки и новитети кои се потребни да се реализираат во тековната учебна година, со ставен акцент на Закон за основно образование, Концепцијата за основно образование, Правилници и други документи.

Континуирано, психологот ги следеше новините и упатствата дадени од МОН и БРО на РСМ. Следењето и реализацијата на наставата, како редовната, така и додатната и



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

дополнителна настава, воннаставните активности, слободните изборни предмети и други активности кои беа реализирани во училиштето. Имаше посети во одредени паралелки за да го следи прилагодувањето на учениците особено во паралелките каде се наоѓаат и ученици со посебни образовни потреби. Имаше реализирано и повеќе стручни консултации со претставници од други институции, со кои соработува самото училиште:ООУ„Илинден“, СОУ„Ѓорче Петров“, Ученички дом „Боро Менков“, Здравствен дом во Крива Паланка, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи во Крива Паланка, Центар за култура, МВР-Отсек за превенција, локална самоуправа, Општина Крива Паланка, Дневен центар за лица со посебни потреби во Крива Паланка, Црвен крст, Училиште со ресурсен центар „Иднина“-Скопје, Комисија МКФ, Здружение Ас-Анима Псиовелнес и Советување и други институции и организации. Континуирани соработки и консултации имаше и со стручните служби од училиштата, како во градот така и надвор од него (Куманово, Кратово, Ранковце, Кавадарци и други). Имаше редовни консултации со наставниците што работат во подрачните училишта во врска со учениците кои учат таму и следење на нивното напредување. Имаше и посети на подрачни училишта. Во делот на советодавно-консултативната работа имаше разговори и консултации со ученици, родители, наставници, директор, помошник директор, стручни лица за одредена актуелна проблематика и др.

Исто така, психологот имаше континуирано присуство на состаноците на Наставнички совети, Одделенски совети (беше и во улога на записничар), Совет на родители, Инклузивни тимови, Училишен одбор ( за презентација на податоци и информации) и друго.

Континуирана и секојдневна соработка имаше и со директорот, помошник директор, педагогот, психологот, секретарот и другите вработени во училиштето.

Исто така, психологот и понатаму е член на Индивидуалните инклузивни тимови за учениците со посебни потреби,  и најчесто е иницијатор за одржување на состаноци и средби за овие тимови. Континуирано има соработка со наставниците и со родителите на овие ученици и континуирано дава насоки за учениците за вклучување во воспитно-образовниот процес.

Член на многу комисии и тоа:Комисија за изготвување на Самоевалуација на Училиштето, Комисии за спроведување на програмите за Недискриминација во училиштето, Безбедни училишта каде континуирано ги обработува месечните извештаи за безбедни училишта во соработка со УТБ и превзема одредени активности (според потребите), член на СИТ тимот за Меѓуетничка интеграција во образованието, следење на навремено вакцинирање на учениците, соработка со родители на учениците, подршка на наставниците за индивидуална работа со учениците, подршка на образовните асистенти  и консултации за работа со ученици со посебни образовни потреби, подршка на наставниците за водење на педагошка евиденција и документација, член на комисија за изготвување Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето, член во комисија за статистичка обработка на податоци, член во комисија за изготвување Годишна програма за работа на училиштето, член на комисија за изборни предмети, член на Комисија за изготвување на Самоевалуација за училиштето и друго.

Психологот исто така беше член и на Тимови за подршка на ученици кои што имаат добиено педагошка мерки, при што активно се укажува и на учениците и на наставниците во пропустите што се прават од двете страни, но и за подобрувањето на однесувањето кај одредени ученици. Како член на тимови за подршка на ученици и родители по изречена педагошка мерка, се реализираа повеќе средби со тимовите по ученик, а потоа беа забележани

ООУ„Свети Јоаким Крчовски“

и подобрувања кај учениците. Се вршат и континуирани советодавно-консултативни разговори како со овие ученици, така и со нивните родители.

Психологот го води советувањето на родители и ученици согласно насоките од Законот за основно образование на РСМ и Програмата за советување. Во однос на советување беа реализирани вкупно 14 работилници со родители и 17 работилници со ученици.Беа реализирани преку 126 советодавно-консултативни разговори со ученици, родители, како и консултации со наставен кадар, воспитувач, останати соработници и други.

Психологот како подршка на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител континуирано соработува со одговорните ученици, организира заедно со учениците активности и е присутен на сите состаноци кои беа реализирани во текот на оваа учебна година. Дава подршка за идеите на учениците, предлага активности и подржува се што сакаат да реализираат. Исто така, ученички правобранител и претседателот на ученички парламент во соработка со психологот подготвија и изврщија презентација на тема „Безбедност на интернет“, организираа и собир на средства за ранлива категорија на ученици како и многу други активности.

Во одредени генерации имаше организирање на предавања каде предавач беше претставник од Полициска станица-Помошник командир за јавен ред и мир и превенција, каде беше презентиран дел од Законот за врсничко насилство, насилство, говор на омраза, јавен ред и мир. Исто така, беа организирани и предавања на тема Употреба на електрични тротинети согласно Законот.

Психологот зеде учество и во организација на одбележување на одредени активности во училиштето како што се: свечен прием на првачиња, одбележување на значајни светски денови, активности од програмите за ненасилство и недискриминација во училиштето, грижа за здравјето на учениците, и друго.

Исто така, психологот е вклучен и во други тимови како член и тоа во Локален совет за превенција, Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата кои се во состав на Општина Крива Паланка. Огромна соработка и разни активности се организирани и со Полициска станица Крива Паланка. Соработка има и со невладини организации и здруженија. Исто така, психологот има соработка и координација со образовниот медијатор задолжен за ученици Роми, каде има остварено и одредени средби и консултации со цел решавање на проблемите поврзани со овие ученици. Континуирано соработува и со претставник од ромска невладина организација „Футу Рома“-Крива Паланка.

Во текот на оваа учебна година, беа реализирани одредени активности поточно работилници на тема “Подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата во училиштето“ каде Педагошко-психолошката служба одржа повеќе работилници тековно секој месец со ученици од различни генерации, следејќи го Акцискиот план за планирани активности. Така, психологот одржа 21 работилница со ученици од различни генерации. На крајот изготвуваше месечен извештај за вкупно реализирани активности на оваа тема, како од Педагошко-психолошката служба, така и од наставниот кадар и севкупно беа реализирани 323 работилница за оваа учебна година и беа опфатени сите генерации.Оваа насока беше дадена од МОН и БРО на РС Македонија.

Во текот на месец Декември 2024 година во нашето училиште беше спроведена Интегрална евалуација за целосен увид во работата на сите чинители во Училиштето, од

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

страна на Државниот просветен инспекторат при МОН на РСМ. Имаше соработка и со психологот каде беа доставени сите барани податоци поврзани со работата на Училиштето кои се однесуваат на учениците, а се оствариja и заеднички посети во одредени подрачни училишта.

Беа извршени и посети на часови во различни генерации и тоа над 30 посети во во оваа учебна година, како во училиштата во градот, така и во подрачните училишта.

Во текот на месец Април и Мај 2025 г. се спроведоа повеќе различни активности согласно Програмата за професионална ориентација кај учениците од деветто одделение. Па така, учествуваше во организирање на посети од претставници од средни училишта кои извршија презентација и ги запознаа учениците со насоките и струките кои ги има во нивните училишта. Исто така, психологот во соработка со одделенските раководители на деветтите одделенија, континуирано им споделуваше информаци на учениците за уписи во средно училиште, изготви и им подели и брошура со информативен материјал , конкурс за упис во средни училишта даден од МОН, а спроведе и тестирање кај 34 ученици за утврдување на интереси кај учениците и им даде насоки за полесен избор на идна професија согласно нивните добиени податоци од спроведениот тест.

По помината обука за примена на стандардизиран психолошкиот тест ТНТ, психологот се задолжи со тестови кои ќе ги користи во понатамошната работа со учениците. Со овој тест се мери: вниманието, концентрација, помнење, работна меморија, фокус, брзина на реакција, визуелно-просторна ориентација, развој на фина моторика, егзекутивни функции. Се употребува на возраст од 8 до 15 години и се применува индивидуално.

Во текот на оваа учебна година, психологот беше на различни обуки, работилници, предавања на различни теми и во соработка со различни институции. Па така,имаше предавање за Родова еднаквост-родово насилство, Пристапна и отворена општина во соработка со Здружението Хендикеп плус, Превенција од насилство, Развој на кариера, обука за Кризна интервенција, предавање Соматски интервенции и стабилизација во криза, Пристап базиран на телесната интелигенција кое се организираше во функција на поддршка и помош на помагачите кои досега се вклучени или ќе бидат вклучени во нудење на психолошката или друга интервентна помош и поддршка на сите оние погодени од несреќата во Кочани која обука се одржа на Филозофски факултет (група психологија) во Скопје и други обуки и предавања.

Психолозите успеаа со помош на донации (од различни индивидуи од бизнис заедницата) да помогнат на пет ученици од ранлива категорија за полуматурската вечер (во облека ).

Разновидноста на активностите во текот на оваа учебна година, беа само дел од работата на психологот во Училиштето, при што многу од нив ќе продолжат и во иднина, од причини што поголемиот дел од нив бараат континуирано работење и соработка со сите чинители во воспитно-образовниот процес.

Изготвил,

психолог Марина Јакимовска Митовска



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 Г. ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ „ КРИВА ПАЛАНКА

Во текот на учебната 2024/2025 година, психологот Викторија Груевска ги реализираше планираните активности од сопственa Годишна програма за работа и својот Оперативен план.

Целосна подршка им беше дадена на учениците, како и подршка на наставниците и другите вработени за насоки и новитети кои се потребни да се реализираат во тековната учебна година.

Континуирано психологот ги следеше упатствата и новините дадени од МОН и БРО на РСМ. Учествуваше во изготвување на квартални табеларни статистички извештаи за број на ученици, паралелки, наставен кадар, податоци за подрачни училишта и друго. Имаше посети во одредени паралелки за да го следи прилагодувањето на учениците и нивниот напредок, особено во паралелките каде што има ученици со посебни образовни потреби како во централното така и во подрачните училишта. Реализираше и повеќе стручни консултации со претставници од други институции: ООУ „Илинден“, СОУ „Ѓорче Петров“, Ученички дом „Боро Менков“, Здравствен дом во Крива Паланка, ЈУ Центар за социјални работи-Крива Паланка, Центар за култура, МВР-Отсек за превенција, локална самоуправа, Општина Крива Паланка(член е на Совет за социјална заштита), Дневен центар за лица со посебни потреби во Крива Паланка, Црвен крст, Училиште со ресурсен центар „Иднина“-Скопје, Комисија МКФ, Здружение Ас-Анима Псиовелнес и Советување и други институции и организации. Континуирани соработки и консултации имаше и со стручните служби од училиштата како во градот така и надвор од него(Ранковце, Кочани и други). Психологот редовно вршеше консултативни разговори со наставниците што работат во подрачните училишта, во врска со учениците што учат таму и нивниот напредок и проблеми со кои што се соочуваат. Исто така, психологот имаше континуирано присуство на состаноците на Наставнички совети, Одделенски совети(имаше улога на записничар), Главен инклузивен тим и Инклузивни тимови по ученик и друго.

Психологот го води советувањето на родители и ученици согласно насоките од Законот за основно образование на РСМ и Програмата за советување. Во однос на советување беа реализирани вкупно 14 работилници со родители и 17 работилници со ученици. Беа реализирани преку 110 советодавно-консултативни разговори со ученици, родители, како и консултации со наставен кадар, воспитувач, останати соработници и други.

Континуирана и секојдневна соработка има и со директорот, помошник директорот, педагогот, психологот, секретарот, благајникот и другите вработени во училиштето.

Исто така, психолгот и понатаму е член на комисии за спроведување на програмите за Недискриминација во училиштето, член на СИТ тим, Безбедни училишта каде континуирано ги обработува месечните извештаи за безбедни училишта во соработка со УТБ и превзема одредени активности(според потребите), член е на Комисија за упис на првачиња за учебната 2025/2026 година, член е на комисија за Подготовка на Патрон празникот на училиштето(изготви видео презентација за реализираните активности за целата учебна година), следење на навремено вакцинирање на учениците, развивање на програми и постапки како и други инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето, надоградување, соработка со родителите и учениците, напредување и изрекување на педагошки мерки за кршење на училишните правила и куќниот ред на основното училиште, подршка на наставниците за индивидуална работа со учениците, подршка на образовните асистенти, подршка на наставниците за водење на педагошка евиденција и документација, изготвување на Личен план за професионален развој и извештај за неговата реализација и друго.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Психологот редовно им беше подршка на учениците од Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител.

Менталното здравје на учениците беше приоритет во работата на психологот, преку секојдневно набљудување на учениците, индивидуални и континуирани разговори и работилници со ученици за кои што е утврдено дека има потреба и советодавни разговори и презентации во зависност од согледаните потреби. Во текот на оваа учебна година, беа реализирани работилници на тема „Подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата во училиштето“, каде Пеагошко-психолошката служба одржа повеќе работилници тековно секој месец со ученици од различни генерации следејќи го Акцискиот план за планирани активности. Оваа насока беше дадена од МОН и БРО на РСМ.

Во одредени генерации имаше организирани на предавања каде предавачи беа претставник од Полициска станица-Помошник командир за јавен ред и мир и превенција, каде беше презентиран дел од Законот за врсничко насилство, насислство, говор на омраза, јавен ред и мир и други теми. Исто така, беа организирани и предавања на тема Употреба на електрични тротинети согласно Законот. Овие предавања беа организирани од Педагошко-психолошката служба.

Во текот на месец Декември 2024 година во нашето училиште беше спреведена Интегрална еваулација за целосен увид во работата на сите чинители во Училиштето, од страна на Државниот просветен инспекторат при МОН на РСМ, при што од психологот беа доставени сите барани податоци и беа посетени дел од подрачните училишта заедно со просветните инспектори.

Психологот секојдневно е вклучен во инклузијата на учениците со посебни образовни потреби и е член на четири Инклузивни тимови по ученик. Редовно одржуваше состаноци на Инкузивните тимови по ученик, помагаше во изработка на Индивидуални образовни планови и Модифицирани програми според потребите на учениците и беше во редовна комуникација со родителите и наставниците на учениците. Секојдневно го следеше напредокот на учениците и имаше индивидуална работа со нив.

Психологот исто така беше член и на Тимови за подршка на ученици кои што имаат добиено педагошка мерка и имаше редовни состаноци со тимовите за кои беше назначен.

Психологот е вклучен и во редовно внесување на информации на училишата веб страна.

Во текот на месец Април и Мај 2025 година се спроведоа повеќе различни активности согласно Програмата за професионална ориентација на учениците од деветто одделение. Па така, учетвуваше во организирње на посети од претставници од средните училишта кои извршија презентации и ги запознаа учениците со насоките и струките кои ги има во нивните училишта. Исто така на учениците редовно им беа споделувани информации за упис во средно училиште, изготви и им подели брошура со инфорамтивен материјал, конкурс за упис во средни училишта даден од МОН, а спроведе и тестирање кај 34 ученици за утврдување на интереси кај учениците и им даде насоки за полесен избор на идна професија согласно добиените податоци од спроведениот тест. За полесна комуникација со учениците психологот имаше добра соработка со нивните одделенски раководители.

Исто така психологот помина и обука за примена на стандардизиран психолошки тест ТНТ каде што ни беа задолжени тестови кои понатаму ќе се користат во понатамошната работа со учениците.Со овој тест се мери:вниманието, помнењето, работната меморија, концентрацијата, брзина на реакција, развој на фина моторика и друго. Овој тест е предвиден за индивидуална работа со ученици на возраст од 8 до 15 години.

Во текот на оваа учебна година психологот беше на различни обуки, работилници и преавања на различни теми и во соработка со различни институции. Меѓу другите присуствуваше и на обука за Кризна интервенција, предавање -Соматски интервенции и стабилизација во криза, Пристап базиран на телесната интелигенција кое се организираше во



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

функција на подршка и помош на помагачите кои досега се вклучени во нудење на психолошка или друга интервентна помош и подршка на сите оние погодени од несреќата во Кочани.

Психолозите успеаа да најдат донации и да помогнат на пет ученици кои што потекнуваат од ранлива категорија за полуматурската вечер(во облека).

Психологот оваа година беше вклучен во Државната матура како тестатор за што помина одредена обука.

Исто така психологот е член на Комисија за изготвување на Полугодишен извештај за учебната 2024/2025 година., Годишен извештај за учебната 2024/2025 година, член на Комисија за преглед на педагошка евидиенција и документација, член на Комисија за изготвување на Годишна програма за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година, член на Комисија за избор и номинирање на превенци на генерација(каде што беа избрани тројца ученици првенци на генерација од деветто одделение), член на комисија за Изборни предмети и член на Тим за професионален развој.

Психолог-Викторија Груевска

## Годишен извештај за работата на Наставничкиот совет

Наставничкиот совет се грижи за целокупната стручна и воспитно-образовна работа во училиштето.

Наставничкиот совет ги реализира следните активности:
- утврдување на задолженијата на наставниците за реализација на наставните предмети и воннаставни активности;
- распоредување раководители на паралелки;
- усвојување на распоредот на часови;
- усвојување на распоредот и програмата за ученички екскурзии;
- разгледување извештаи, анализи, информации и осврти за постигнувањата на учениците во одредени периоди;
- стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар.
- утврдување на полугодишниот и годишниот успех, поведението и редовноста на учениците;

Наставничкиот совет во текот на учебната 2024/2025 година одржа 10 состаноци со следните содржини:

| Дневен ред | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Одредување на одделенски раководители за VI одделение<br>Кодекс на однесување и облекување на учениците и наставниците<br>2. Насоки за почетокот на новата учебна година<br>3. Тековни прашања | 30.08.2024 |
| 1. Разгледување на барање на ученик и одлучување по истото<br>2. Закажување на родителски средби<br>3. Тековни прашања | 13.09.2024 |
| 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје во учебната 2024/2025<br>2. Реализација на Наставните планови и програми согласно упатствата дадени од МОН и БРО за учебната 2024/2025<br>3. Разгледување и давање мислење за правилникот за изрекување на педагошки мерки<br>4. Тековни прашања | 22.11.2024 |
| 1. Известување и упатства за работа по спроведената интегрална евалуација | 16.12.2024 |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

| | |
|---|---|
| 2. Тековни прашања | |
| 1. Утврдување на успехот и поведението на учениците за првото полугодие од учебната 2024/2025<br>2. Реализација на Наставните планови и програми согласно упатствата дадени од МОН и БРО за учебната 2024/2025<br>3. Формирање на комисија за обработка на статистичките податоци за успехот и поведението за првото полугодие во учебната 2024/2025<br>4. Тековни прашања | 13.01.2025 |
| 1. Разгледување на Предлог извештајот од спроведената интегрална евалуација.<br>2. Разгледување на укажување и препораки од МОН<br>3. Тековни прашања. | 27.02.2025 |
| 1. Избор на двајца претставници од редот на вработените за безбедност и здравје при работа<br>2. Разгледување на барање од родител на ученик<br>3. Формирање комисија за преглед на педагошката евиденција и документација<br>4. Формирање на комисија за изработка на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година<br>5. Формирање комисија за изработка на годишниот извештај за работата на училиштето и за средување на статистички податоци<br>6. Тековни прашања | 04.06.2025 |
| 1. Утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната 2024/2025, реализација на наставните планови и програми за учебната 2024/2025 година и реализација на Годишната програма за работа на училиштето<br>2. Прогласување на ученици првенци на генерација од IX одделение<br>3. Известување за упис на првачиња<br>4. Известување на наставници за учество на ученици на натпревари<br>5. Известување за извршен избор на изборни предмети за учебната 2025/2026 година<br>6. Тековни прашања | 10.06.2025 |
| 1. Утврдување на успехот на учениците кои беа упатени на одделенски испит и испит за побрзо напредување за учебната 2024/2025 година | 23.06.2025 |

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | |
|---|---|
| 2. Тековни прашања | |
| 1. Известување од комисијата за преглед на педагошката евиденција и документација<br><br>2. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година<br><br>3. Разгледување и давање мислење за Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 година | 04.07.2025 |

## Годишен извештај за работата на одделенските совети

Во текот на учебната 2024/2025 година одржани се четири состанока со следниве содржини:

| **Дневен ред** | **Време на реализација** |
|---|---|
| 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје во учебната 2023/2024<br>2. Известување за реализација на Наставните планови и програми за учебната 2023/2024<br>3. Соопштување на успехот и поведението преку закажување на родителски средби<br>4. Тековни прашања | 13/14 11.2024 |
| 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците за првото полугодие во учебната 2023/2024<br>2. Известување за реализација на Наставните планови и програми за учебната 2023/2024<br>3. Соопштување на успехот и поведението преку закажување на родителски средби<br>4. Тековни прашања | 13.01.2025 |
| 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечје во учебната 2024/2025 година<br><br>2. Известување за реализација на наставните планови и програми за учебната 2024/2025 година<br><br>3. Тековни прашања | 09/10-04.2025 |
| 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната 2024/2025 година<br><br>2. Известување за реализација на наставните планови и програми за првото полугодие од учебната 2024/2025 согласно препораките од МОН и БРО<br><br>3. Начин на соопштување на успехот<br><br>4. Тековни прашања | 10.06.2025 |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

**СТРУЧЕН АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ ПРИ ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ – КРИВА ПАЛАНКА**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**Во текот на учебната 2024/2025 година стручниот актив за одделенска настава ги одржа следните состаноци со дневни редови:**

**Состанок на актив за одделенска настава 23.8.2024 год.**

**Дневен ред :**

1. Разгледување на Годишната програма за работа на активот за одделенска настава за учебната 2024/25 год.

2. Разгледување на Наставните планови и програми по наставни предмети за учебната 2024/ 25 год.

3. Подготовки за наставата , технички проблеми и потреби во паралелките пред почетокот на новата учебна 2024/ 2025 год.

4. Тековни прашања

**Состанок на актив за одделенска настава 21.11.2024 год.**

**Дневен ред :**

1. Анализа на успехот во првото тримесечје на учебната 2024/ 2025 год.;

2. Анализа на реализацијата на додатната, дополнителната настава и воннаставните активности;

3. Анализа на активности за првото тримесечје на учебната 2024/ 2025 год.

4. Тековни прашања

**Состанок на актив за одделенска настава 16.01.2025 год.**

**Дневен ред :**

1. Евалуација на работата на стручниот актив за првото полугодие на учебната 2024/2025 год.

2. Соработка на стручниот актив на одделенските наставници со другите активи во училиштето;



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

3. Подготовка на учениците од четврто и петто одделение за општинските натпревари по математика и природни науки;

4. Тековни прашања

Претседател на активот
Елизабета Цоневска

**СТРУЧЕН АКТИВ ПО ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ ПРИ**
**ООУ „ СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ – КРИВА ПАЛАНКА**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**Стручен актив по општествени науки при ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка**

Учебна година: 2024/2025
Претседател на активот: Христина Илиевска

- ПРВО ПОЛУГОДИЕ

Во првото полугодие стручниот актив на општествените науки успешно и во целост ја реализираше својата програма, застапена во сите предмети од оваа група со цел унапредување и успешна реализација на воспитно-образовниот процес. Во текот на полугодието се одржаа неколку состаноци и на истите се дискутираше по точки утврдени со дневен ред.

На првиот состанок, одржан на 01.07.2024, активот ја усвои предлог-годишната програма за работа. Се назначија одговорни наставници за секциите: *Ученички иницијативи* – Христина Илиевска, *Млади историчари* – Блажо Јакимовски и Христијан Гоговски, и *Млади природници* – Игор Стојчевски. Извршена беше и колегијална распределба на часовите.

На состанокот од 26.08.2024, се потврди дека сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планови со интегрирани ЕКО, МИМО и ИКТ содржини, доставени до стручната служба. Се усогласија и критериумите за оценување.

На 02.09.2024, членовите на активот дискутираа за личниот план за професионален развој, базиран на самооценување и избор на компетенции од прирачникот за наставници.

На состанокот од 24.10.2024, се направи преглед на досега реализираните активности и се планираа содржини за ноември и декември.

На 04.11.2024, се направи анализа на успехот и поведението на учениците во првото тримесечие. Се изготви и акционен план за унапредување на безбедноста, менталното здравје и превенција од насилство.

На 30.12.2024, се направи полугодишна анализа на реализацијата на наставата и вонаставните активности.

**Реализирани активности:**

- ✓ **Отворање на Детската недела 2024 под мотото „Правата на детето – безбеден чекор кон среќно детство“**
- ✓ **Драматизација „Час по демократија“ за ученици од V одделение**
- ✓ **Одбележување на Светскиот ден на детето – 20 ноември**
- ✓ **Одбележување на 3 декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост**
- ✓ **Одбележување на 8 декември – Св. Климент Охридски**
- ✓ **Одбележување на 9 декември – Ден за борба против корупцијата**
- ✓ **Новогодишен базар – 27.12.2024**



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

- ВТОРО ПОЛУГОДИЕ

Во второто полугодие, активот продолжи со успешна реализација на наставата и вонннаставните активности. Се одржаа неколку состаноци:
На 15.01.2025, се направи анализа на првото полугодие и се донесе план за активности во второто.
На 04.03.2025, се одржа состанок за интегрална евалуација на воспитно-образовниот процес, каде се разгледаа резултатите од наставата, вклученоста на учениците, и се дадоа насоки за подобрување на наставните практики и вклучување на учениците во демократски процеси.
На 08.04.2025, се направи анализа на успехот и поведението на учениците во третото тримесечие. Се донесе одлука за понуда на слободни изборни предмети:
VI одделение: *Имам права*, *Религиите во светот*
VII одделение: *Прва помош*, *Готвење*
На 19.06.2025, се направи финална евалуација на работата на активот. Се констатира дека сите планирани активности се реализирани, а учениците покажале висок степен на ангажираност и креативност.

**Реализирани активности:**

- ✓ **Одбележување на Меѓународниот ден на образованието (23, 27 и 28 јануари)**
- ✓ **Проследување на видео: „Задачите на Херкулес“ (февруари)**
- ✓ **Одбележување на Светскиот ден за заштита на енергијата (7 март)**
- ✓ **Работилница за медиумска писменост (11 март)**
- ✓ **Драматизација: „Пристојно и непристојно однесување во семејството“ (17 март)**
- ✓ **Одбележување на Денот на пролетта (24 март)**
- ✓ **Креативна работилница: „Создавањето на светот“ (4 и 11 април)**
- ✓ **Одбележување на 22 април – Денот на планетата Земја**
- ✓ **Одбележување на 1 мај – Денот на трудот**
- ✓ **Учество во еколошката акција „Генералка викенд 2025“ (9 мај)**
- ✓ **Одбележување на 15 мај – Меѓународен ден на семејството**
- ✓ **Одбележување на патронот празник на училиштето (23 мај)**

- ЗАКЛУЧОЦИ

Сите планирани активности се реализирани во целост.
Учениците покажаа висок степен на ангажираност, редовност и креативност.
Активностите придонесоа за:
развој на демократска култура и граѓанска свест;
поттикнување на еколошка одговорност;
зајакнување на социјалните и комуникациските вештини;
создавање позитивна училишна клима.

- ПРЕПОРАКИ

Продолжување со тематски активности и секции.
Поголема вклученост на учениците во планирање и реализација.
Соработка со локалната самоуправа и институции.
Вклучување на теми како ментално здравје, дигитална безбедност и волонтеризам.

Јуни, 2025

Претседател на активот:
Христина Илиевска

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СТРУЧНИОТ АКТИВ по Природни науки (природни науки, математика, физика, биологија, хемија, техничко образование и информатика) при ООУ’’Свети Јоаким Крчовски’’- Крива Паланка за учебната 2024/2025 година

Во текот на учебната 2024/2025 година, Стручниот актив на природната група на предмети успешно и во целост ја реализира својата програма, застапена во сите предмети од оваа група со цел унапредување и успешна реализација на воспитно- образовниот процес.

По разгледувањето и усвојувањето на Годишната програма за работа, се поведе дискусија на која наставниците ги пренесоа своите впечатоци и новини од посетените и одржани семинари. Активот редовно одржуваше состаноци, после секој реализиран и посетен семинар со цел наставниците да ги разменат своите искуства.

Стручниот актив на оваа група предмети во учебната 2024/25 година својата работа ја реализираше согласно следните приоритети:

1. Унапредување на реализација на наставата.
2. Изработка на училишни процедури и програми.
3. Подобрување на подршка и вклученост на ученици и родители во активностите на училиштето.
4. Унапредување на меѓуетничката соработка меѓу ученици, наставници и родители од различни етнички групи.
5. Социјална инклузија на учениците со пречки во развој, од социјално загрозени семејства и ученици од маргинализирани групи.
6. Употреба на асистивна технологија во наставата.
7. Водење Е-дневник.
8. Примена на стандардите и критериумите за оценување изготвени од БРО.
9.Изработка на училишната Програма за менторска подршка на наставници приправници.
10. Унапредување на професионалните компентенции на наставниците.
11. Учество во истражувањата од глобе програмата каде учениците вршеа континуирано мерења и ги внесуваа во глобе серверот.

Образложените активности предвидени со програмата беа успешно реализирани од секој предметен наставник од оваа група предмети според однапред предвидениот план. Во текот на наставната година 2024/2025 наставниците заедно со учениците учествуваа на повеќе натпревари како што се:

## Математика

На ден 31.03.2025 година, во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка, се одржа Општинскиот натпревар по математика. Учениците од нашето училиште постигнаа одлични резултати: IV одделение Ментор: Јагода Ангеловска Петар Вучковски – II награда Ментор: Анка Стоиловска Милош Дејановски – пофалница V одделение Ментор: Елизабета Цоневска Алексеј Мацовски – пофалница Ментор: Снежана Ивановска Евгенија Филиповска – пофалница Ментор: Александра Стојановска Филип Илиевски – пофалница Ментор: Гордана Алексовска Дамјан Јакимовски – пофалница VI одделение Ментор: Тони Јакимовски Петар Стаменковски – пофалница VII одделение Ментор: Гордана Ивановска Мелани Ангеловска – пофалница Матеј Георгиев – III награда Ива Спасковска – пофалница Глорија Стојмировска – признание за учество VIII одделение Ментор: Светлана Ристовска Нина Стојановска – II награда Петар Груевски – II награда IX одделение Ментор: Ненко Иванов Николина Дојчиновска – III награда Никола Дојчиновски – III награда

На ден 15.03.2025 година се одржа Регионалниот натпревар по математика во ООУ „Кочо Рацин“ – Куманово. Учениците од нашето училиште постигнаа извонредни резултати,



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

покажувајќи посветеност и знаење по овој наставен предмет. Пласман по одделенија: IV одделение Ментор: Јагода Ангеловска Петар Вучковски – признание за учество V одделение Ментор: Елизабета Цоневска Алексеј Маџовски – признание за учество Ментор: Снежана Ивановска Евгенија Филиповска – признание за учество Ментор: Александра Стојановска Филип Илиевски – признание за учество Ментор: Гордана Алексовска Дамјан Јакимовски – признание за учество VI одделение Ментор: м-р Тони Јакимовски Петар Стаменковски – III награда VII одделение Ментор: Гордана Ивановска Мелани Ангеловска – пофалница Матеј Георгиев – признание за учество Ива Спасковска – признание за учество VIII одделение Ментор: Светлана Ристовска Нина Стојановска – признание за учество Петар Груевски – признание за учество IX одделение Ментор: Ненко Иванов Николина Дојчиновска – пофалница Никола Дојчиновски – признание за учество Ученици кои се пласираа на Државниот натпревар: Петар Стаменковски (VI одд.)

На државниот натпревар ученикот Петар Стаменковски од 6 одд освои пофалница.

## Природни науки

На ден 28.2.2025 година се одржа Општински натпревар по природни науки.Натпреварот се одржа онлајн во нашето училиште под организација на МБД.Љубовта кон природните науки ја споделија и се натпреваруваа ученици од нашето училиште и тоа вкупно 9 ученика од 4,5 и 6 одделение.Учениците освоија солидни резултати со кои сите се пласираа за учество на регионален натпревар

***VI одделение- ментор Светлана Младеновска**

1.Викторија Петровска-втора награда
2.Бојана Младеновска-втора награда
3.Петар Стаменковски-трета награда

***V одделение**

1.Алекс Велиновски-втора награда(**ментор Маја Златковска**)
2.Тадеј Марковски-пофалница(**ментор Маја Златковска**)
3.Деницијa Станоевска-трета награда(**ментор Елеонора Давитковска**)

***IV одделение -ментор Јагода Ангеловска**

1.Алекс Велиновски-втора награда
2.Бисера Јаќимовска-трета награда
3.Евгенија Стојановска-трета награда(**ментор Милица Димитровска**)

На ден 04.04.2025 година се одржа Регионален натпревар по природни науки.Натпреварот се одржа онлајн во нашето училиште под организација на МБД.На натпреварот од нашето училиште учествуваа вкупно 9 ученика од 4,5 и 6 одделение.Учениците освоија солидни резултати и тоа:

***VI одделение- ментор Светлана Младеновска**

1.Петар Стаменковски-втора награда
2.Викторија Петровска-трета награда
3.Бојана Младеновска-трета награда.

***V одделение**

1.Алекс Велиновски-трета награда(**ментор Маја Златковска**)
2.Тадеј Марковски-трета награда(**ментор Маја Златковска**)
3.Деницијa Станоевска-трета награда(**ментор Елеонора Давитковска**)

***IV одделение -ментор Јагода Ангеловска**

1.Петар Вучковски-втора награда
2.Бисера Јаќимовска-трета награда
3.Евгенија Стојановска-трета награда**(ментор Милица Димитровска)**

**Учениците Петар Стаменковски од 6 одделение и Петар Вучковски од 4 одделение се пласираа за учество на државен натпревар кој ќе се одржи на ПМФ-Скопје**

На ден 18.5.2025 година се одржа Државен натпревар по природни науки на ПМФ-Скопје на кој нашите ученици ги освоија следниве награди



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

Петар Стаменковски од VI одделение втора награда под менторство на наставничката Светлана Младеновска и

Петар Вучковски од IV одделение сертификат за учество под менторство на наставничката Јагода Ангеловска

## Биологија

На 14 февруари 2025 година, во нашето училиште се одржа општинскиот натпревар по биологија. Учениците од VII, VIII и IX одделение покажаа одлични резултати и обезбедија пласман на регионалниот натпревар.

Резултати:

IX одделение

Ментор: Данијела Ѓоргиевска

Матеја Стефановска – II награда Ива Стојчевска – II награда Луна Тодоровска – III награда

➞ Сите се пласираа за регионален натпревар.

VII одделение Ментор: Данијела Ѓоргиевска

Драгана Давитковска – Пофалница Никола Ѓоргиевски – Пофалница Исидора Лековска – Учество➞ И тие ќе продолжат на регионалниот натпревар.

На ден 28.03.2025 година се одржа регионален натпревар по биологија.Натпреварот се одржа онлајн во нашето училиште под организација на МБД.Од нашето училиште учествуваа вкупно 9 ученика од 7,8 и 9 одделение.Учениците освоија солидни резултати и тоа:

***8 одделение-ментор Светлана Младеновска**

1.Андреј Младеновски-втора награда
2.Мила Димитриевска-трета награда
3.Лео Станојковски-трета награда

***7 одделение- ментор Данијела Ѓоргиевска**

1.Драгана Давитковска-трета награда
2.Никола Ѓоргиевски-трета награда
3.Исидора Лековска-пофалница

***9 одделение - ментор Данијела Ѓоргиевска**

1.Ива Стојчевска-трета награда
2.Матеја Стефановска-трета награда
3.Луна Тодоровска-трета награда

**Пласман на државен натпревар освои ученикот Андреј Младеновски од 8 одделение** .

На ден 31 Мај 2025 година на Природно Математички Факултет-Скопје се одржа државен натпревар по биологија.На натправарот учествуваше ученикот Андреј Младеновски од осмо одделение под менторство на наставничката Светлана Младеновска и освои втора награда

## Физика

Општински натпревар по физика одржан на 7.2.2025 год.учествува ГОРЈАН НИКОЛОВСКИ од деветто одд. и освои прво место со 94 поени.На 5.4 .2025 учествуваше на Регионален натпревар на ПМФ Скопје.

## Прва памош и заштита (изборен предмет)

Учениците учествуваа на натпревар по прва помош, кој се одржа во дворот на нашето училиште и освоија прво место наградено со златен медал.

Претседател на стручниот актив
Данијела Ѓоргиевска

**ООУ ,, СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - КРИВА ПАЛАНКА**
**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МИО**
**Од реализирани активности од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието**



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

**за учебната 2024/2025 година**

И во учебната 2024/2025 г. во нашето Училиште ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка, продолжуваат да се реализираат активностите кои се дел на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО). Според тоа се одржуваат состаноци со членовите на СИТ – тимот на кои што беа разгледани планираните активности за учебната 2024/2025 година и начинот на нивно реализирање, разгледување и дискусија за истите, планирање на заедничка средба со партнер училиштето како и согледување на реализирањето на заедничката средба при што е констатирано дека истите успешно се реализираат.

Оваа учебна година, во договор со нашето Партнер училиште ООУ „Јероним Де Рада“ од с. Черкези – Куманово“, постапувајќи според насоките за аплицирање за Грант, нашето Училиште ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ на 29.11.2024 година поднесе заедничка Апликација за грант за оваа учебна година со Партнер – училиштето ООУ „Јероним Де Рада“ од с. Черкези – Куманово“.

Во апликацијата се предвидени 4 заеднички активности и тоа: 1. Работилница: „Го учиме јазикот на другата етничка заедница“ - преку употреба на англискиот јазик, со цел учениците да се запознаат меѓу себе и да се постигне интеракција и градење на дух на соработка во мешана група на ученици, да се постигне дружење и запознавање со некои зборови од јазикот на другата етничка заедница. Во планираната активност ќе бидат вклучени ученици од 1. до 5. одд. како и родители и наставници од двете партнерски училишта. Се формира група при што се почитуваат половата и етничката/јазичната балансираност и соодветната возрасна категорија. Се планира учениците да научат некои зборчиња на јазикот на другата етничка заедница преку примена на англискиот јазик како би се преведувало полесно. Учениците ќе бидат водени од страна на наставниците. Работата се следи од страна на наставниците од различните наставни јазици кои за време на активноста заемно се доплнуваат и соработуваат. Учениците добиваат повратни информации во текот на целиот процес на заедничката активност. Поконкретно ќе се обрнува внимание на почитувањето на правилата на однесување и градење групна кохезија. Исто така се објаснуваат целите кои треба да се постигнат. Се внимава наизменично да се користат и двата јазика. Активноста понатаму продолжува со играње игра за меѓусебно запознавање така што сите ученици застануваат во круг и секое дете го изговара своето име при што истовремено изведува некое движење со телото, а потоа групата го повторува. Заеднички ќе имаат можност да научат како се отпоздравува, како да се побара нешто, називи на јадења, денови, броеви и сл. Потоа се прави рефлексија со учениците и се разговара за нивните впечатоци од работата и соработката во текот на целата активност. Родителите ќе помогнат во изработката на речник на непознати зборови од јазикот на двете етнички заедници. 2. Работилница: ,,Во игрите сите сме еднакви“. Преку активноста се очекува да се постигне интеракција и градење на дух на соработка во мешани групи на ученици, да се постигне дружење и запознавање преку игра. Активноста ќе вклучи ученици од 1. до 5. одд. од двете училишта. Се формираат групи при што се почитуваат половата и етничката/јазичната балансираност и соодветната возрасна категорија. Активноста ќе се одвива во рамките на училиштата со давање на подршка од страна на наставниците и родителите. Активноста ќе опфаќаат натпревар во неколку дисциплини (одбојка, кошарка, фудбал, куглање, влечење јаже, фрлање топче во одредена цел ), помеѓу екипи од ученици кои ќе бидат мешани од аспект на училиште и наставен јазик. И покрај компетитивниот карактер на игрите, активноста ќе има посебен фокус на соработка и градење на тимски дух во рамките на екипите. Родителите ќе имаат улога на судии за време на игрите. Освен директно вклучените родители ќе бидат вклучени и останатите родители, ученици и претставници од општината како публика за време на игрите. Ова ќе се одржи во спортската сала или на градското игралиште. Потоа се прави рефлексија со учениците и се разговара за нивните впечатоци од работата и соработката во текот на целата активност. 3. Работилница: ,,Пријателството - фактор за развој на

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oojoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

мултикултурализмот“ каде учениците ќе изработуваат ликовни и литературни творби кои ќе бидат дел од мини изложба на тема: ,,Пријателството – фактор за развој на мултикултурализмот“ - изработена од хамер и други хартиени материјали и цртежи. Активноста ќе придонесе учениците да се запознаат преку заедничка изработка на разни видови творби: ликовни, литературни и сл. Со тоа ќе се овозможи интеракција и градење на дух на соработка во мешани групи на ученици, да се постигне дружење и запознавање преку игра, развивање на вештини за групна работа, разгледување решенија и донесување групни одлуки, критичко размислување и развивање на креативноста кај учениците. Активноста ќе биде спроведена со мешана група на ученици од 6. до 9. одд. При формирањето на групите се почитуваат половата и етничката/јазичната балансираност и соодветната возрасна категорија. Учениците ќе имаат за цел да креираат книга со куси приказни, песнички,раскази и цртежи на тема: ,,Пријателството – фактор за развој на мултикултурализмот“.Учениците најпрво на интернет ќе истражуваат интересни факти за пријателството кои потоа ќе ги искористат за да креираат приказни, а потоа заеднички ќе ги реализираат активностите на самата работилница. Работата се следи од страна на наставниците од различните наставни јазици кои за време на активноста заемно се доплнуваат и соработуваат. Учениците добиваат повратни информации во текот на целиот процес на заедничката активност. Родителите ќе им помогнат на учениците при истражувањето на интернет. 4. Работилница: „Ја учиме и споделуваме традицијата“.Активноста ќе придонесе за развивање на вештини за групна работа, разгледување решенија и донесување групни одлуки, критичко размислување и развивање на креативноста кај учениците. Заеднички ќе можат да дојдат до нови сознанија и ќе се постигне интеракција и градење дух на соработка во мешани групи. Активноста ќе биде спроведена со мешана група на ученици од 6. до 9. одд. Се формираат групи при што се почитуваат половата и етничката/јазичната балансираност и соодветната возрасна категорија. Учениците ќе бидат водени од страна на наставниците. Работата се следи од страна на наставниците од различните наставни јазици кои за време на активноста заемно се доплнуваат и соработуваат. Учениците ќе изработат хамери на кои ќе бидат истакнати трудови за народни носии, народни инструменти и народни песни како и прославување на разни верски празници, како дел од секоја традиција. Учениците најпрво на интернет ќе истражуваат интересни факти кои се однесуваат на областа која самите ќе ја изберат односно на прославата на одреден празник, народни носии, народни инструменти и народни песни. Притоа ќе ги искористат фактите за да ја прикажат подетално прославата на празниците, народните носии, народните инструменти и народните песни. Можат да креираат текстови, песнички или цртежи. Родителите ќе им помогнат на учениците при истражувањето на интернет.

Очекуваме да имаме ефекти во однос на тоа што планираните активности ќе влијаат кон подобрување на вештините на учениците да работат заедно и да донесуваат заеднички одлуки во мешана група. Исто така ќе има и подобрена интерперсонална комуникација и соработка меѓу учениците.

Апликацијата беше одобрена но планираните активности ќе ги реализираме во септември откако ќе бидат префрлени финансиските средства на училишната сметка.

Самостојните мултикултурни активности се реализираат од страна на наставниците. Нивната цел е учениците да ги продлабочуваат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество во духот на меѓусебно разбирање, мир, почитување на другите, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.

Предвидено е во реализацијата на овие активности да се вклучат сите наставници со своите ученици кои подршката ќе ја добиваат од членовите на тимот за училишна интеграција (СИТ) во координација на директорите и стручните соработници на училиштето.

Во прилог на нивната успешна реализација тимот за меѓуетничка интеграција подготви акциски план кој содржи реализација на следниве активности: Планирање и селекција на задолжителни работилници од програмата за образование за животни вештини; Реализација на пет работилници од програмата за образование за животни вештини за I – III одд., IV – VI одд.



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

и VII – IX одд.; Реализација на истражувачки работилници ( изготвување план за истражување за квиз и дебата); Подготовки за реализација на квизот „Заедно учиме“ и дебатата „Образованието – врата кон успехот“; Реализација на квизот „Заедно учиме“ и дебатата „Образованието – врата кон успехот“; „Спроведување на заеднички активности со Партнер – училиштето ООУ „Јероним Де Рада“ од с. Черкези – Куманово“ и Следење и известување за ефектите од спроведените активности.
Досега имавме успешна реализација на сите планирани активности, а со тоа ја постигнавме нашата заедничка цел да живееме во едно итегрирано мултиетничко општество каде ќе царува мирот, толеранцијата и искреното почитување на другите.

Изготвил:
Координатор на проектот за МИО и МИМО:
* Елизабета Стојановска

Директор:
*Анета Стојковска

*Членови на СИТ тимот за МИО и МИМО:
* Марина Ј. Митовска – психолог - член,
* Викторија Груевска – психолог – член,
*Христина Илиевска – предметен наставник – член,
* Петар Стаменковски – ученички правобранител,
* Исидора Лековска – ученички парламент.

## Годишен извештај за работата на училишниот инклузивен тим

За работа со учениците со посебни образовни потреби формиран е Училишен инклузивен тим во состав:

Директор: Анета Стојковска, педагог: Жаклина Христовска, одделенски наставник: Марина Ристовска, предметен наставник: Христина Илиевска, родител/старател: Надица Здравковска, родител/старател: Александра Јакимовска, специјален едукатор и рехабилитатор: Ирена Новачевска Макаловска .

Исто така за секој ученик со посебни образовни потреби е формиран и Инклузивен тим за ученик во состав:

психолог Марина ЈакимовскаМитовска, психолог Викторија Груевска, одделенски наставник и родител на ученикот.

Во учебната 2024/2025 година во воспитно-образовниот процес во редовната настава инклузирани се 7 ученика со посебни образовни потреби за кои се обезбедени 5 образовни асистенти од училиштето со ресурсен центар „Иднина”. Еден ученик е без образовен асистент и еден ученик учи во домашни услови по Модифицирана прогама. За секој од нив е формиран Инклузивен тим.

Во почетокот на првото полугодие изработени се: Индивидуален образовен план/Модифоцирана програма со цел учениците да можат полесно да се вклопат во воспитно-образовниот процес и за успешна реализација на планираните активности.

**Годишен извештај за работата на Училишниот инклузивен тим на**



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

**ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски"-Крива Паланкаво учебната 2024/2025година**

| Цели | Содржини и активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање и воспоставување на политика за работа со децата со посебни образовни потреби | -Формирање на тим за подршка<br>-Изготвување на Годишна програма за работа | Директор<br>Стручни соработници<br>Одделнски наставници<br>Предметни наставници | Август 2024 | -Успешна реализација на планиранте активности |
| Запознавање со бројот на ученици и видот на порреченост кај учениците<br>Опсервација на часови со цел детектирање на ученици со посебни образовни потреби | Разговор со одделенски раководители | Одд.наставници<br>Одд.раководители<br>стручни соработници | Септември 2024 | -Преглед и евиденција<br>На учениците и видот на попреченост<br>-Помош на учениците со посебни образовни потреби од страна на стручите соработници и образовните асистенти во училиштето |
| Изработка на ИОП/ Модифицирана програма за секој Ученик со посебни образовни потреби | Опсевација, разговори, работа со децата со посебни образовни потреби | Наставници, родители, образовни асистенти, инклузивен тим | Септември 2024 | Навремено проценување на способностите на децата со посебни образовни потреби, за изработка и прилагодување на ИОП/ Модифицирана програма за успешно совладување на тековниот материјал |
| | | | Октомври | |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Прилагодување на Годишната програма кон потребите на учениците со посебни образовни потреби | -Изработка на индивидуални образовни планови/ Модифицирана програма Диференциран пристап | Одд.наставници одд,раководители стручни соработници | 2024 | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици -Континуирано следење на постигањата |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (прв квалификационен период) | Евиденција на успехот и редовноста<br><br>Користење на инструменти за следење и вреднување | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Ноември 2024 | Проценка на постигањата - Ревизија и дополнување на ИОП/ Модифицирана програма Определување на соодветни форми/методи за работа |
| Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | Советување, консултирани разговори со родителите, одд.наставници, одд.раководители и учениците | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители Предметни наставници | Декември 2024 | Подобрување на постигањата |
| Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со посебни образовни потреби | Разговор со учениците на одделенските часови -разговор со родители на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Во текот на учебната година | Развивање на позитивни ставови кај учениците со посебни образовни потреби Вклучување на децата со посебни образовни потреби во активности организирани од училиштето и локалната заедница |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со | Евиденција на успехот и редовноста - Користење на | Стручни соработници Одделенски наставници | Јануари Февруари 2025 | -Проценка на постигањата Дополнување на индивиуалниот образовен план/ |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| посебни образовни потреби (крај на прво полугодие) | инструменти за следење и вреднување | Одделенски раководители | | модифицирана програма Изнаоѓање на соодветни форми/методи за работа |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (трет квалификационен период) | Евиденција на успехот и редовноста<br><br>Користење на инструменти за следење и вреднување | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Април 2025 | -Проценка на постигањата Дополнување на индивиуалниот образовен план/ модифицирана програма Изнаоѓање на соодветни форми/методи за работа |
| Изготвување на индивидуалните инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби | Утврдување на критериумите за вреднување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби согласно прилагодените индивидуални планови/ модифицирана програма | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Мај 2025 | Развивање на стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици |
| Унапредување на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби | Спроведување на интерни обуки за наставниците за изработка на индивидуални образовни планови заучениците со посебни образовни потреби | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Во текот на учебната годината | -Повисоки постигања на учениците - Јасно поставени цели во ИОП/ Модифицирана програма |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со децата со посебни образовни потреби | -Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови/ Модифицирана програма Изготвување на развоен план за работа со овие | Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители | Јуни 2025 | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие |



ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ученици во идната учебна година | | | деца |

Изготвил: Марина Ристовска

## Годишен извештај за работата на тимот за професионален развој

Тимот за професионален развој подготвува годишна програма за професионален развој, базирана на потребите на наставниците за тековната учебна година. Училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да учествуваат на обуки и семинари кои се одобрени и организирани од страна на МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.

Редовно се организираат дисеминации од обуките и семинарите, со цел да се информираат и едуцираат и оние наставници кои не присуствувале на одредени обуки.

Секој наставник пред почетокот на учебната година изготвува личен план за професионален развој, кој го реализира преку учество во обуки, семинари, вебинари, меѓусебни посети на часови, консултации, интерни работилници и други активности. На тој начин наставниците континуирано ги усовршуваат и надградуваат своите вештини и компетенции.

Вклучувањето на наставниците во континуиран професионален развој е основен предуслов за успешна и ефикасна работа. Наставниците постојано ги развиваат своите компетенции за да обезбедат висок квалитет на наставата, во согласност со современите трендови и барањата на модерното општество.

Активното учество во обуки, семинари и други активности за професионален развој овозможува ефикасна настава и унапредување на професионалните способности на наставниот кадар и стручните соработници. Работата е во согласност со барањата на современото образование, а размената на стекнатите искуства и добри практики ги поттикнува колегите на заеднички напредок.

Во текот на учебната 2024/25 година наставниот кадар од ООУ „Свети Јоаким Крчовски“-Крива Паланка ги посети следниве семинари, обуки, вебинари, консултативни и информативни средби:

| **Реализирана програмска активност** | Време на реализација | Организатор / реализатор | **Учесници** | **Постигнати цели и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на Личен план за професионален развој | Септември 2024 | Наставници, Стручни соработници | Наставен кадар | Идентификувани потреби за личен професионален развој, користејќи ги резултатите од саморефлексијата<br><br>. |

ООУ „Свети Јоаким Крчовски“

адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
e-mail:ou-joakimkrchovski-krivapalanka@schools.mk
web: https://joakimkrcovski.edu.mk/
Блог:https://oоujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 375 132

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
